# ПРИРАЧНИК
## ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАСТАВАТА ПО
# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ
## ЗА V ОДДЕЛЕНИЕ



М-р Филип Фидановски
Жаклина Ристовска
М-р Весна Бошковска

Прирачник за изведување на наставата по ликовно образование за V одделение

Издавач: Биро за развој на образованието - Скопје

**Уредници:**
м-р Мирјанче Милошевска
м-р Емилија Вељаноска
**Автори:**
м-р Филип Фидановски
Жаклина Ристовска
м-р Весна Бошковска

**Стручна поддршка**:
Зоран Мазновски
м-р Бети Денков
Диана Садику Рамадани
**Лектор:** Александар Здравевски

**Дизајн и техничко уредување:** АРБЕРИА ДЕСИГН ДООЕЛ, Тетово

Година на издавање - 2025
Место на издавање - Скопје
Електронско издание

**CIP - Каталогизација во публикација**
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

**373.3.016:73/76(035)=163.3**

ФИДАНОВСКИ, Филип

Прирачник за изведување на наставата по ликовно образование за V одделение [Електронски извор] / Филип Фидановски, Жаклина Ристовска, Весна Бошковска. - Скопје : Биро за развој на образованието, 2025

Начин на пристапување (URL): https://www.bro.gov.mk/lo5/. - Текст во ПДФ формат, 108 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 26.08.2025

**ISBN 978-608-206-224-2**

1. Ристовска, Жаклина [автор] 2. Бошковска, Весна [автор]

**COBISS.MK-ID 66749957**

# СОДРЖИНА

Вовед.......................................................................3

ПРВА ТЕМА

Цртање.....................................................................7

ВТОРА ТЕМА

Сликање ...................................................................31

ТРЕТА ТЕМА

Пластично обликување и градење ..............................69

ЧЕТВРТА ТЕМА

Графика....................................................................82

ПЕТТА ТЕМА

Дизајн и визуелни комуникации..................................91

*„Ликовната уметност е визуелна трага на времето кое изминало ѝ е документ за нашата историја.*

## Вовед

Прирачникот за наставници по Ликовно образование е направен според новата наставна програма за петто одделение по предметот Ликовно образование каде што се објаснети методските приоди. Застапен е со 36 часа годишно и 1 час на неделно ниво.

Преку програмските содржини по ликовно образование учениците треба да го спознаат и сфатат постоењето на ликовниот јазик и служејќи се со него да го артикулираат својот ликовен израз што ќе зависи од степенот на развојот на индивидуалните способности и перцепции, креативното мислење и изразување како и од поттикот што го обезбедува средината.

Задача на наставникот е да придонесе и поттикне решавање на ликовниот проблем на нов и необичен начин, преку примена на креативна игра преку која ученикот се мотивира за ликовно изразување да ги развива ликовните и творечките способности, да го совладува ликовниот јазик и да ги изразува мислите и емоциите.

Учениците ќе научат да искажуваат љубопитство и интерес за ликовната работа и творење и да развиваат способности за примена на разни материјали и техники за цртање, сликање, моделирање, пластично обликување и градење, графика, дизајн и визуелни комуникации во ликовното изразување.

Практичните активности кои ќе ги направат преку употреба на линија, боја, форма, текстура, волумен ќе им овозможи да ја осознаваат функцијата на бојата во секојдневниот живот и да ги искажат самостојно и слободно своите сознанија, доживувања, впечатоци, мисли и фантазија.

Целта е стекнатите знаења практично да ги применат со цел да користат различни елементите во дизајнирање на предмети, да творат (самостојно, тандемски, групно), да умеат да направат избор на вистинската идеја, активност, средства и да состават целосна ликовна творба.

Истражувањата на учениците во различни ликовни подрачја, искажувањето на критичкото мислењето, емоциите и впечатоците од набљудувани уметнички дела како и користењето на компјутерската техника за ликовното творештво, развивањето на културно-хигиенските и работните навики ќе им помогне на учениците да ги осознаат тајните на ликовната уметност. Преку ликовната уметност човекот од минатото па сè до денес се изразува себе си, своите чувства и средината во која живее.

Според начинот на изработката на делото, ликовната уметност се дели на **цртање, сликање, пластично обликување и градење**, **графика** и **дизајн** и **визуелни комуникации**.

Ликовниот јазик е изведен од теоријата на творештвото и разликува ликовни елементи и принципи. Ликовните елементи и принципи се постојано во околината на човекот.Тие се присутни во природата која го опкружува, предметите во домот, како и во ликовните применети и уметнички творби.

Ликовни **елементи** се: линија, насока, големина,текстура, форма, боја, тон и простор. Ликовни **принципи** се: повторување, хармонија, контраст, градација, рамнотежа, движење и ритам, пропорции, единство и композиција.

## ОПРЕМА И СРЕДСТВА

Наставните средства кои ќе се користат во наставата по Ликовно образование се:

- Аудиовизуелни средства (телевизор, ДВД-уред, ЛЦД-проектор, касетофон, дигитален фотоапарат, дигитална камера, компјутер, паметна табла, таблет за цртање, печатач или други дигитални уреди).
- Интернет, образовни софтвери.
- Средства и материјали за цртање (хартија, молив, лавиран туш, туш во боја, перце, креди, дрвце, јаглен, природни и вештачки материјали, штафелаи).
- Средства и материјали за сликање (акварел, гваж, темпера, пастел, природни и вештачки бои, материјал за колажирање, лепак, ножици).
- Средства за пластично обликување и градење (пластелин, глина, глинамол, тесто, пластика, амбалажа, алуминиумска фолија, жица, конец, ткаенина, песок, снег, стиропор, плодови, камења, корења, гранки).
- Средства за печатење (матрица, графички лист – отпечаток, гипс, картон-печат, валјак, јута, волница, чипка, ребрест картон и др.).
- Средства за дизајн и визуелни комуникации (фотографија, спот, реклама, илустрација, корица, интернет, стрип, визуелен знак, вазни, лампи, лустери, накит, честитки,украси, тонирана хартија).
- Нагледни средства (цртежи, фотографии, изработки, списанија, книги, плакати, постери, апликации, илустрации, проспекти, скулптури, музеи).

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЧАСОТ

Организацијата на деловите од часот ќе зависи од реализација на стандардот според наставната програма, содржината на работа, ликовната техника и материјалите кои ќе се применуваат на тој час, како и од креативниот пристап на наставникот. Учениците ќе работат самостојно, во пар или во група. Во завршниот дел од часот се прави изложба и анализа на ученичките ликовните творби од аспект на стандардот кој треба да биде дел од ликовниот јазик на ученикот. Секоја ликовна изработка ученикот треба да ја чува во своето портфолио.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на активностите/поимите од предметот Ликовно образование со содржините/стандардите од другите предмети при планирањето и реализацијата на наставата. На тој начин овој наставен предмет ги мотивира учениците во учењето на другите предмети и помага во нивно полесно совладување. Ликовните активности учениците можат да ги работат и по завршувањето на редовните задолжителни и изборни предмети, во пет часовниот престој во училиште. (Секој наставник си го организира времето на активности според условите и потребите.) На секој час наставникот ја следи активноста на учениците и по потреба помага каде што треба. Ако има ученици со посебни потреби, наставникот или образовниот асистент индивидуално работи со нив или во пар/група со други ученици.

Секогаш кога е можно се прави меѓупредметна интеграција, односно интеграција на темите, содржините и поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ

По предметот ликовно образование оценувањето на ученикот и неговите резултати значи подобро да се разбира развојот на ликовното изразување кај ученикот и неговото индивидуално мислење и расудување, неговите творечки способности, како и неговото напредување. Нема лоши ученички ликовни творби бидејќи секоја ликовна творба носи свои специфичности на детката индивидуалност. Значи сите ликовни изработки треба да бидат изложени на соодветно место во училницата.

## НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ НА ТЕМАТА

***Дијагностичко оценување***

Преку разни едукативни игри, методи и техники се откриваат предзнаењата на учениците за секоја содржина од предметот.

***Формативно оценување***

Формативното е континуирано додека трае процесот на учење со цел да се подобрат

постигањата преку давање и примање повратна информација.Тоа е оценување за учење затоа што служи да го поттикне ученикот. Секој ученик има свое портфолио кое содржи показатели (ученички ликовни изработки, цртежи,творби и сл.) и однапред подготвени евалуациски листи кои се изработуваат по конкретна негова листа.

***Сумативно оценување***

Сумативното оценување е на крајот од секоја тема со цел да се обезбеди доказ за наученото и изработеното преку вреднување на истото. Се врши преку анализа на ликовните творби за изученото од соодветнатата тема.

Во продолжение се разработени **сценарија** за **часови** од сите теми во V одделение. Дадени се можни начини за реализација и организација на часовите, преку разни поттикнувачки и интересни активности и техники за учениците. На секој час има предлог на цртежи или уметнички дела соодветни на содржината и стандардот кој треба се исполни. Доколку е потребно повеќе време за реализација на активностите, учениците може да работат и во времето кое е предвидено за слободни ученички активности.

Со прирачникот се дадени и **работни листови** со интересни активности за учениците, во вид на квиз како метод на формативно оценување, практични активности со цел да истражуваат, творат при изработка на разни ликовни творби. Во работните листови има дела на познати уметници кои можат да послужат за реализација на исполнување на стандардот за естетска анализа. Работните листови се помошно средство за остварување на резултатите на учење од секоја тема и наставникот може да ги насочи учениците да ги користат на час или за време по завршувањето на часовите, како повторување или работни/практични вежби.

# ПРВА ТЕМА

# Цртање

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Ученикот/ученичката по остварување на стандардите на крајот од темата „Цртање“ ќе биде способен/способна да:

1. создава цртеж со користење нови техники (тушеви во боја, сенчење, контраст на линии со различен интензитет и сл.);
2. користи видикова линија, ритам, текстура и композиција во цртањето;
3. разликува целина и детаљ и создава композиција со детаљ;
4. споредува цртежи од познати уметници врз основи на статика – динамика, мотив, техника, богатство на линии, ритам и текстура;
5. црта уметнички цртежи на компјутер;
6. развива способност за естетска проценка на цртежи.



# ПРВ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Техники за цртање со различни материјали за цртање (тушеви во боја, видикова линија, статика, динамика, текстура, лавирање, сенчење, контраст, интензитет).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Препознава видик и видикова линија во природата и ги користи во цртањето.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ - активирање на предзнаењата**



Учениците излегуваат во училишниот двор или непосредната околина и набљудуваат видик и видикова линија и дискутираат. Наставникот објаснува дека **видик** е сè она што можеме да го опфатиме со погледот и зависи од висината на местото каде што стоиме. **Видикова линија** е линијата до која стига нашиот поглед и ни се чини дека земјата (морето, планините, низините) и небото како да се спојуваат. Видиковата линија е од големо значење во уметноста, бидејќи таа овозможува да се контролира висината на окото на гледачот, кога тој ќе погледне во сликата. Се користи најчесто во отворени пејзажи, перспектива за контрола на видикот и дава насока за местото на предметите во цртежот.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење**



Наставникот поттикнува отворена дискусија за тоа како би се прикажала видиковата линија на цртеж. Учениците даваат идеи, мислења и демонстрираат.

Учениците, поделени во мали групи се потсетуваат и дискутираат за ликовните елементи: простор, перспектива и текстура преку примери (учени претходните години), и за тоа како би ја прикажале видиковата линија на цртеж. Тие даваат свои идеи, мислења и демонстрираат. Еден од групата ги презентира заклучоците. Можни одговори на учениците:

**Простор** е сè она околу нас. Надворешен простор е оној во кој се движиме без граници. Прикажаниот просторот на цртеж, слика се нарекува **илузија на просторот**.

**Перспектива** е постапка за прикажување на простор, односно илузија на простор. Наставникот појаснува дека има повеќе видови перспектива, а воздушната или оптичката перспектива ќе ја примени на овој час. (Во висина на очите.)

**Текстура** е површината на секој материјал. Кога површината се претставува на цртеж, слика, графика тогаш резултатот се нарекува текстура.

Наставникот демонстрира комбинација на техники, кои ќе ги користат: комбинација на молив, туш со четка, туш со перо, јаглен, пастел – црн и бел. На учениците им објаснува како да создадат атмосфера на трета димензија со употреба на светло, темно и сенка.

Наставникот дава насоки за цртање на мотив "Дрворед", каде што учениците ќе ги применат ликовните елементи: простор, перспектива и текстура и видиковата линија. Учениците самостојно ликовно се изразуваат при што користат комбинирана техника и прикажување на простор, перспектива и текстура. Дрвјата ги цртаат така што првите дрвја се најголеми, а во перспектива се цртаат сè помали и помали дрвја – илузија на просторот.

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ - извлекување заклучок

Изложување на цртежите, разгледување и анализа на истите по однос на користењето на комбинираната техника и примена на ликовните елементи простор, перспектива и текстура. Посебен акцент при анализата се става на видиковата линија претставена во цртежот.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата 1.Што правевме денес? 2 Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Блок број 5, туш, четка, перо, јаглен, пастел – црн и бел, фотографии од пејзажи, .„Дрворед".

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите);
- Изработените ликовни творби;
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардот за оценување препознава видик и видикова линија во природата и ги користи во цртањето, наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да објаснат за видик и видиковата линија;
- да го разберат значењето на видикова линија во уметноста;
- правилно да ги комбинираат техниките: молив, туш со четка, туш со перо, јаглен, пастел – црн и бел;

- да ги применуваат ликовните елементи: простор, перспектива и текстура;
- да ги анализираат цртежите на соучениците по однос на користењето на комбинираната техника и примената на ликовните елементи простор, перспектива и текстура.

* Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира:

а) со предметот Македонски јазик преку активноста опишување на непосредната околина, пејзаж или создавање кратки текстови во кои ќе опишува еден пејзаж.

б) со предметот Природни науки преку активност наведува примери за растителниот свет кој го има во нашата земја како дел од континентот Европа. (преку презентација на фотографиите на кои има пејзажи од нашата земја).

# ВТОР ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Техники за цртање со различни изразни материјали за цртање (тушеви во боја, видикова линија, статика, динамика, текстура, лавирање, сенчење, контраст, интензитет).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Комбинира точки, линии и плоштини и црта текстура.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ- активирање на предзнаењата**

Наставникот на табла запишува четири поими, а учениците треба под секој поим да запишат на што ги асоцира со напомена тоа да биде со ликовен јазик.

| ТОЧКА | ЛИНИЈА | ПЛОШТИНА | ТЕКСТУРА |
|---|---|---|---|
| дебела | долга | форма | површина |
| мала | ликовен елемент | големина | мазна |

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење**

Наставникот поттикнува отворена дискусија за тоа како би ги комбинирале овие елементи (**точки, линии, плоштини** и **текстури**) и што би нацртале со нив на цртеж. Учениците даваат идеи, мислења и демонстрираат.Тие, преку примери објаснуваат за ликовните елементи (учени претходните години). Можни одговори на учениците:

**Линија** е продолжено движење на една точка, крива и права линија, дебела и тенка и сл.

**Хармонија** е ликовен принцип кога ќе се користат слични форми, линии, бои, тонови итн.

**Точка** е основен поим со кој е означена една положба во просторот и со кој се означува бесконечно мал објект без должина, ширина или волумен.

**Плоштина** е големина која ја изразува површината на некој предмет.

**Тектура** е надворешна карактеристика на површината на секоја природна и вештачка материја која може визуелно да се перципира.

## ТЕКСТУРИ



Техники кои можат да ги користат се: молив, туш со четка, туш со перо, јаглен, пастел – црн и бел. Се напоменува линијата од моливот да не се покрива со тушот.Учениците самостојно цртаат на мотив „Птици" (петел, паун или сл.), применувајќи го ликовниот елемент: линија и ликовниот принцип хармонија во линијата. Наставникот објаснува дека треба да применат и комбинација на точка, линија и плоштина и прикажат со овие елементи да прикажат текстура.

Учениците ликовно се изразуваат при што користат техника по избор од посочените.

### ЗАВРШНА АКТИВНОСТ- извлекување заклучок

Изложување на цртежите, разгледување и анализа на истите по однос на правилната примена на ликовните елементи линија и ликовниот принцип хармонија во линија, како и комбинацијата на точка, линија, плоштина. Посебен акцент се става и на прикажаните текстури.

### РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата 1.Што правевме денес? 2 Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

### СРЕДСТВА

Блок број 5, туш, четка, перо, јаглен, пастел – црн и бел, фотографии од птици.

### СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардот за оценување **комбинира точки, линии и плоштини и црта текстура**, наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да дадат објаснување за линијата како ликовен елемент;
- да знаат да објаснат како нацртале со посочените техники и зошто ја одбрале таа техника;
- правилно да ги комбинираат техниките: молив, туш со четка, туш со перо, јаглен или пастел – црн и бел;

- да ги рименуваат ликовните елементи: линија и хармонија во линија;
- да знаат да комбинираат линија, точка, плоштина и црта текстура;
- да ги анализираат цртежите на соучениците по однос на користењето на применетата ликовна техника и применатa на ликовните елементи линија и хармонија во линија.

* Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.






## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира:

а) со предметот Математика преку активност на откривање на точки, прави, плоштини на предмет, а по предметот Ликовно образование за истиот предмет објаснуваат со кои ликовни елементи би се нацртал тој предмет.(точки, линии,плоштини и текстури).

б) интеграција при формирање на поим за точка, плоштина.

# ТРЕТ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Техники за цртање со различни материјали за цртање (тушеви во боја, видикова линија, статика, динамика, текстура, лавирање, сенчење, контраст, интензитет).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Разликува статика и динамика и црта и лавира со тушеви во боја.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ- активирање на предзнаењата**

Наставникот демонстрира неколку цртежи дигитално или практично и ги поттикнува учениците на размислување. (Претходно наставникот избира цртежи или ликовни дела од уметници каде што се прикажани статични и динамични форми.)

Што е заедничко во овие два цртежа, а што во другите?

Како делуваат формите во првите два цртежа врз вашите очи? Дали погледот во другите цртежи изгледа како да ви се движи?

Статични форми





Динамични форми



## ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење

Наставникот објаснува за статични и динамични форми демонстрирајќи ги цртежите.

- Формите врз окото на човекот дејствуваат статично и динамично.
- Формите кои кога ги гледаме дејствуваат мирно и не го движат погледот во некој правец се статични форми. Такви се: квадратот, правоаголникот, триаголникот или формите кои имаат аглести карактеристики.
- Формите кои го движат погледот во некој правец се динамични форми. Тоа се тркалезните форми во кои има изразена динамичка насока и движење, со изразен немир, подвижност и движење.
- Ако во цртежот се користат повеќе статични форми, цртежот ќе изглед смирено, односно СТАТИЧНО.
- Ако во цртежот се користат повеќе динамични форми, тој ќе изгледа немирно, односно ДИНАМИЧНО.

Наставникот поттикнува отворена дискусија што би нацртале за да прикажат динамика и статика на цртежот. Учениците даваат идеи, мислења и демонстрираат.

Учениците цртаат со мотив по избор, во две групи (наставникот може да посочи мотив со цел да интегрира наставна содржина од друг предмет). Едната група ученици црта динамични форми, а другата група ученици, статични форми на мали квадратни листови, кои ги изложуваат на пано.

Наставникот објаснува дека техниката која ќе ја користат е лавриран туш. За оваа техника  најдобро е да се црта со туш на хамер. Се црта со перо и тушеви во боја. Откако ќе се нацрта со четка и разредени тушеви со вода се создава лавиран цртеж. Значи, динамичните или статичните форми треба да се поминат со четка, слично кога се слика. Линиите и боите кои ќе ги користат се ниven избор. Техниката која ќе ја користат е лавирање со тушеви во боја.

Учениците самостојно ликовно творат на даден мотив „**Мртва природа на есенски плодови**", применувајќи го ликовниот елемент тон или мотив по избор со примена на статични или динамични форми и ликовен елемент тон. Техниката е лавиран цртеж.

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ- извлекување заклучок

Изложување на цртежите, разгледување и анализа на истите.

Игра: Учениците кои имаат повеќе СТАТИКА на цртежите да застанат од левата страна на таблата, а учениците со ДИНАМИКА од десната страна. На тој начин наставникот проценува колку учениците разбрале за статични и динамични форми. Потоа се пристапува на анализа во смисла како го изработиле цртежот, со која техника и како го примениле ликовниот елемент тон.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата 1.Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Лист хамер за секој ученик, тушеви во боја, четка, ученички или ликовни дела на кои се прикажани статични и динамични форми.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби со примена на статични и динамични форми.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардот за оценување разликува статика и динамика и црта и лавира со тушеви во боја, наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да објаснат за статични и динамични форми на цртежи:
- да знаат да опишат  како нацртале со посочената техника лаврирање со тушеви во боја;
- правилно да ги комбинираат статичните или динамичните форми;
- да користат техника лаврирање со тушеви во боја;
- да ги анализираат цртежите на соучениците со цел да воочат дали разликуваат статика од динамика на цртеж и техника со која е изработен цртежот.

* Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.






## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Меѓупредметната интеграција може да се направи со предметот Македонски јазик при учење на зборови со спротивно значење (антоними) – динамично и статично.

# ЧЕТВРТИ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Техники за цртање со различни изразни материјали за цртање (тушеви во боја, видикова линија, статика, динамика, текстура, лавирање, сенчење, контраст, интензитет).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Применува техника сенчење за претставување сенка на предметите.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ - активирање на предзнаењата**

Наставникот преку техниката бура на идеи: ЦРТАЧКИ ТЕХНИКИ ги активира предзнаењата на учениците.

Кои цртачки техники ги знаете? Учениците кажуваат цртачки техники кои ги учеле и кои ги знаат. Можни одговори: цртање линии, чкртање, молив, туш, тушеви во боја, фломастери, сенчање...

Наставникот ги запишува зборовите од учениците и на крај додава СЕНЧАЊЕ (доколку не е спомнат како поим), со што и ја најавува целта на часот.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ- искуствено учење**

Наставникот објаснува за техниката сенчање и претставување сенка на предметите.

Контурната линија ги означува видливите граници на објектите, сенките даваат длабочина и го дефинираат нивниот облик, создавајќи при тоа тридимензионален ефект.

контурна линија



- Додека се црта секогаш треба да гледате од каде доаѓа светлото и како сенката се оцртува на објектот кој го цртате.
- Сенчањето како ликовна техника е цртање на површини кои се под сенка и тоа е важен елемент во цртањето.
- дали цртежот ќе биде добар или не зависи од тоа како ќе се направи сенчањето.



- Светлото и сенката се неделиви појави и секое тело или објект има сопствена сенка. Наставникот дава насоки за вежба со цел да го совладаат сенчањето како ликовна техника. Прво демонстрира наставникот, а потоа секој ученик се обидува да сенча.

**Вежба:**

Потребни се: батериска ламба,лист од блок и молив.Се зема еден предмет, се поставува изложен на светлина и се гледаат сите елементи на играта со светлото и сенката. Се придвижува свелината во однос на предметот од сите страни. Учениците треба да ја скицираат секоја положба и да почнат да сенчаат со молив.

Наставникот на платно со ЛЦД-проектор претставува и објаснува за техники на сенчење.



*Сенчање со точки (Моливот треба да се држи исправено.)*



*Сенчење со линии*



*Вкрстено сенчење со линии*



*Сенчање со неправилни линии*

**Ликовно творење**: Учениците ликовно се изразуваат при што користат техника сенчање на предмет со претставување на неговата сенка. Предметот е ставен на место каде што преметот е изложен на светлина и каде што е видлива неговата сенка. Учениците треба истиот да го нацртаат и да ја претстават сенката.

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ- извлекување заклучок

Изложување на цртежите, разгледување и анализа на истите по однос на сенчањето и како е преставена сенката.



## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата 1.Што правевме денес?
2 Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Блок број 5, молив ХБ 5, фотографии на кои се претставени техники на сенчање.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардот за оценување **применува техника сенчење за претставување сенка на предметите**, наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да го објаснат сенчањето како ликовна техника;
- да знаат да опишат како ја представиле сенката на предметот;
- правилно да применуваат една од објаснетите техники на сенчање;
- да ги анализираат цртежите на соучениците по однос на примената на сенчањето;

*Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Меѓупредметната интеграција може да се направи со предметот Математика кога опишуваат и цртаат одредена 3Д-форма преку бројот и видот на 2Д-формите од кои се состои. Може да определат која 2Д форма е сенката на предметот.

# ПЕТТИ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Техники за цртање со различни изразни материјали за цртање (тушеви во боја, видикова линија, статика, динамика, текстура, лавирање, сенчење, контраст, интензитет).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Црта контраст на линии со различен интензитет.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ - активирање на предзнаењата**

Наставникот преку *Бура на идеи* (контраст) поттикнува учениците да кажат поими/ зборови поврзани со ова. Можни одговори: големо - мало, кусо – долго, црно - бело, итн.

Прашања од наставник: (потсетување од претходната година) Што е контраст во ликовниот јазик? (Ликовен принцип) Каде може да се примени, во кои ликовни елементи? (линија, боја, форма,..) Каков контраст на линии има? (Дебели – тенки, куси - долги, прави – криви.) Со ова учениците сами ја откриваат целта на часот.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење**

Наставникот објаснува за ликовниот елемент линија и прикажување на контраст на линија преку демонстрација.



- На цртежот линиите се претставуваат во цртежот во различни големини, дебелини или густини.

• Контурната линија ги означува видливите граници на она што се претставува.
**Вежба**: Учениците, поделени во мали групи, цртаат контраст на линии и имаат задача да создадат објект,предмет или нешто од природата, и тоа:

Прва група – контараст на линии – прави и криви Пример. Облак– криви линии, дожд – прави линии.

Втора група – дебели и тенки Пример. Контурната линија на стебло од дрво со дебела линија, а внатрешноста на стеблото со технки линии.

Трета група – куси и долги линии. Пример. Бранови на море – долги, песокот пред морето со куси линии.

Демонстрација на цртежите и презентација од групите.

**Ликовно творење**: Учениците цртаат на мотив „Суви гранки и листови", користејќи ги ликовните елементи линија и контраст во линија. Наставникот им дава насока за препознавање и воочување на карактерната линија во цртежот. Користат техника по избор:

- комбинација на моливи во боја,
- туш со четка (лавиран цртеж),
- туш со перо,
- јаглен, пастел – црн и бел.

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ-извлекување заклучок

Изложување на цртежите, разгледување и анализа на истите по однос на линиите кои ги користеле, контрастот на линии и карактерната линија во цртежот.



Линии со помал светол интензитет.

Линии со поголем темен интензитет.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата 1.Што правевме денес? 2 Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Блок број 5, молив ХБ 5, моливи во боја, туш или тушеви во боја, четка, перо, јаглен, пастел.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардот за оценување **црта контраст на линии со различен интензитет**, наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да ги именуваат и да ги претставуваат видовите линии;
- да опишат како претставиле контраст на линии;
- правилно да применуваат линија и контраста на линии при создавање на ликовна творба по даден мотив;
- да ги анализираат цртежите на соучениците по однос на примената на линија и контраста на линии;

*Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Меѓупредметната интеграција може да се направи со предметот Природни науки кога објаснуваат за метоHowever ролошки појави: ветар, врнежи, магла, а по Ликовно образование со какви линии би ги претставиле овие појави.

Интеграција со предметот Природни науки може да се оствари при изучување на содржината *Формирање сенки* каде ќе објаснуваат како се формираат, а по Ликовно образование ќе ги претставуваат со сенчање.

# ШЕСТИ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Ликовни елементи и принципи во цртањето и естетска проценка на цртежи (мотив, комбинации на точки, линии и плоштини, целина и детаљ, богатство на линии, ритам на цртежи, композиција, уметнички цртеж, естетска проценка).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Создава композиција со детали.
Анализира и споредува цртежи од познати уметници.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ - активирање на предзнаењата**

Наставникот преку техниката *Грозд* започнува со поимот композиција, (ги поттикнува учениците да кажат што знаат), видови композиција, ликовни елменти во композицијата.




**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење**

Наставникот презентира неколку цртежи од уметници или од ученици од претходните генерации, а учениците треба да ги анализираат во однос на композицијата како целина и детаљ (на пример: целина е целиот цртеж, а детали се обработените елементи во цртежот – раката е детаљ во првиот цртеж)

Можни одговори од учениците: ликовни елементи линија, боја, текстура, тон, детаљ, целина, вертикална или хоризонтална композиција и сл.

**Ликовно творење**: Учениците цртаат на мотив на избор и техника по избор, применувајќи композиција со детаљ.

Наставникот им дава насока на учениците за создавање планови при изработувањето на пејсажот. Како материјали користат: комбинација на молив, туш со четка, туш со перо. Напомена: линијата од моливот да не се покрива со тушот.

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ- извлекување заклучок

Изложување на цртежите, разгледување и анализа со акцент на композиција со детаљ, ликовни елементи кои се применети и кои техники ги користеле.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Блок број 5, молив ХБ 5, ликовни дела од познати уметници, туш со четка, туш со перо, проектор, интернет страна - уметнички слики.



DURER - SELFPORTRAIT, 1493, PEN AND BROWN INK, 1488, WOOD



MORISOT - CARRIAGE IN THE BOIS DE BOULOGNE, 1889, WATERCOLOR 1488, WOOD



GAUGUIN - PORTRAIT OF CAMILLE PISARRO BY GAUGUI

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на

сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардот за оценување создава композиција со детали и анализира и споредува цртежи од познати уметници, наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да објаснат за композиција со детали;
- да знаат да ги опишат видот на композиција во цртежот и ликовните техники;
- правилно применуваат комбинација на молив, туш со четка, туш со перо.
- да ги анализираат цртежите на уметниците и соучениците во однос на композицијата и ликовните елементи.

Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Меѓупредметната интеграција може да се направи со предметот Историја и општество кога учениците наведуваат главни и најголеми градови на континентите. Секој ученик разгледува фотографија од град кој ќе го избере или каде што бил и ликовно го претставува, по сопствено видување со додавање на детаљ по кој е препознатлив тој град. На пример, Њујорк (детаљ- големо јаболко).

# СЕДМИ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Ликовни елементи и принципи во цртањето и естетска проценка на цртежите (мотив, комбинации на точки, линии и плоштини, целина и детаљ, богатство на линии, ритам на цртежи, композиција, уметнички цртеж, естетска проценка).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Применува мотив, богатство на линии, ритам и текстура како ликовни елементи во цртањето. Анализира и споредува цртежи од познати уметници.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ - активирање на предзнаењата**

Наставникот преку техниката *Асоцијација* поттикнува кај учениците да го откријат поимот МОТИВ и ликовните елементи: ЛИНИЈА, РИТАМ и ТЕКСТУРА. Со ова и ја најавува целта на часот цртање со примена на линии, ритам и текстура.

| | | | |
|---|---|---|---|
| КРИВА | ПОВТОРУВАЊЕ | РАПАВА | ПЕЈЗАЖ |
| ПРАВА | ФОРМИ | МАЗНА | ПОРТРЕТ |
| КУСА | ДЕН/НОЌ | ТВРДА-МЕКА | МРТВА ПРИРОДА |
| ЛИНИЈА | РИТАМ | ТЕКСТУРА | МОТИВ |

Полињата треба да бидат покриени и се отвораат, а учениците погодуваат. Може да се направи на хамер или со прикажување преку проектор.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ- искуствено учење**

Наставникот презентира неколку слики од позанти уметници, а учениците треба да ги анализираат и да го откријат мотивот на сликите.

Наставникот објаснува дека ако во ликовното дело го препознаваме мотивот, кој може да биде пејзаж, мртва природа, портрет, автопортрет, животни, растенија, карикатура, луѓе и сл, тоа значи дека тоа уметничко дело има МОТИВ. Ако не може да се препознае мотивот тогаш тоа уметничко дело е БЕЗ МОТИВ.

Наставникот прикажува неколку фотографии со винови лози со цел да потикне идеја, мотив за цртање.

Ликовно творење: Учениците цртаат на мотив „Винови лози" применувајќи ги ликовните елементи: линија, простор, богатство на линии, ритам, текстура и композиција. Наставникот им дава насока за создавање планови при изработувањето на пејсажот. Како материјали користат: комбинација на молив, туш со четка, туш со перо, јаглен, пастел – црн и бел.





## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ- извлекување заклучок

Изложување на цртежите, разгледување и анализа со акцент препознавање на мотив, богатството на линии, ритамот и текстурата како ликовни елементи во цртањето.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата 1.Што правевме денес? 2 Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Блок број 5, молив ХБ 5, ликовни дела од познати уметници, тушеви во боја, туш со четка, туш со перо, јаглен, пастел – црн и бел., проектор, интернет-страница - уметнички слики.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардот за оценување применува мотив, богатство на линии, ритам и текстура како ликовни елементи во цртањето и анализира и споредува цртежи од познати уметници, наставникот очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да го бјаснат поимот мотив;
- да знаат да опишат како го претставиле мотивот и со кои ликовни техники;



Цртеж со тушеви во боја

- правилно да применуваат комбинација на молив, туш со четка, туш со перо, јаглен, пастел – црн и бел.
- Да ги анализираат цртежите на уметниците и соучениците по однос на мотивот, линијата, текстурата, ритамот.

*Според ова секој наставник може да изработи чек – листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Меѓупредметната интеграција може да се направи со предметот Историја и општество кога наведуваат историски извори. Конкретно, интеграција со Ликовно образование кога учениците ги анализираат и ги споредуваат цртежите од познатите уметници низ историјата (на пример, уметнички дела од стариот век, средниот век и најновата историја).

# ОСМИ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Ликовни елементи и принципи во цртањето и естетска проценка на цртежи (мотив, комбинации на точки, линии и плоштини, целина и детаљ, богатство на линии, ритам на цртежи, композиција, уметнички цртеж, естетска проценка).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Користи компјутерски програми за конструирање цртеж.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ - активирање на предзнаењата**

Наставникот преку мултимедијална презентација објаснува за создавање на цртежи со разни компјутерски програми, како што се: *Пеинт, Фотошоп, Илустартор* и многу други. Прикажува програма и цртеж од програмата.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење**




Наставникот поттикнува отворена дискусија за искуставата на цртање цртеж со компјутерска програма.

Во зависност од условите и ИКТ - опремата во училницата, наставникот ги насочува да цртаат или да сликаат со наједноставната програма *Пеинт* или, според условите, да истражуваат на интернет за програми за цртање и да создадат дигитален цртеж. (Доколку има компјутери, учениците ги користат, доколку нема компјутери, претходно им се напоменува само на тој час да носат мобилни телефони или таблет-компјутер со цел да цртаат на нив. Доколку и оваа можност ја немаат, тогаш наставникот во текот на неколку идни часа на училишните компјутери ќе овозможи да работат 2 до 3 ученика, додека другите работат идни активности од наставните содржини.)

Преку ЛЦД-проектор ги објаснува алатките на програмата Пеинт и самиот покажува пример, односно создава цртеж со алатките на програмата Пеинт.

Учениците, на дигитални уреди, истражуваат за нови компјутерски програми за цртање и конструираат самостоен цртеж.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ- извлекување заклучок**

Наставникот ги презема дигиталните цртежи и создава дигиталана изложба која ја прикажува на платно со проектор. Учениците ги презентираат и анализираат дигиталните цртежи.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Блок број 5, молив ХБ 5, ликовни дела од познати уметници, туш со четка, туш со перо, јаглен, пастел – црн и бел, ЛЦД-проектор, Интернет - страници - уметнички слики.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.



Според стандардот за оценување **користи компјутерски програми за конструирање цртеж**, наставникот очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да набројат компјутерски програми за цртање;
- да знаат да опишат како нацртале со помош на алатките на програмата за цртање;
- правилно да избираат алатки од програмата при создавање дигитален цртеж;
- да ги анализираат дигиталните цртежи на соучениците;

*Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Меѓупредметната интеграција може да се направи со содржини или поими од сите предмети, во зависност кои стандарди од предметите се реализираат тој ден. На пример, секој ученик може да црта со програма за цртање според содржините.

Ако се реализираат теми од екологија од стандардот по предметот Македонски јазик, учениците може да нацртаат цртеж според содржината на прозниот текст за екологија.

Во предметот Природни науки екологијата се толкува како наука, па учениците може да нацртаат загадена средина, нечист воздух. На часовите по предметот Математика учениците може да поставуваат позитивни и негативни броеви на хоризонтална/вертикална бројна права означена со 0, може да нацрта вертикална права со негативни броеви и морско ниво и загадена вода, на колку метри под морското ниво е загадена водата и сл.









Дигитални цртежи од ученици од V - а одделение( 2014/15) од ООУ „Браќа Миладиновци" со алатките на ГНУ Пеинт (GNU Paint) и Пеинт (Paint).

# ВТОРА ТЕМА

# Сликање

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Ученикот/ученичката на крајот од темата ќе биде способен/способна да:

1. користи различни ликовни материјали, техники и елементи и да создава слика;
2. применува комплементарен контраст на топли/ладни бои и темни/светли бои при сликањето;
3. создава сликарска текстура и да одредува карактер на мотивот на сликарските творби;
4. слика со помош на компјутерски програми;
5. развива имагинација и креативност преку сликањето.



# ПРВ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Ликовни материјали, техники и елементи во сликањето: подлоги, прибор, сликарски материјали – темпера, водени бои, гваш, природни и вештачки бои, тон, боја, комплементарен контраст, топли и ладни бои, темни и светли бои, внатрешен и надворешен простор.

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Користи различни средства и подлоги за сликање.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ - активирање на предзнаењата**

Наставникот преку техниката *Бура на идеи* ги проверува предзнаењата на учениците за средствата за сликање (акварел, темпера, пастел, природни и вештачки бои, материјал за колажирање, лепило, ножици) и нивната употреба во различни сликарски техники (акварел, гваш, темпера, пастел, колаж).

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење**

Наставникот поттикнува дискусија за ликовните елементи: боја, пропорција и форма. (Кои ликовни елементи сте ги применувале при сликање? Кои мотиви би ги избрале со користење на ликовните елементи: боја, пропорција и форма?)

Ликовно творење: Учениците добиваат насоки да сликаат на мотив „Човечка фигура" применувајќи ги ликовните елементи: боја, пропорции и форма. Секој ученик користи различни сликарски материјали по избор. Наставникот им дава насока да создадат композиција во која ќе се препознаат седечки и стоечки форми во два плана и притоа да употребуваат различни средства и подлоги за сликање.

Учениците кои користат темперни боици. Наставникот објаснува дека температа има специфичен израз при сликањето. Се добиваат благородни и пригушени нијанси со силен или слаб интензитет. Негативна е појавата со четка да се земе боја директно од тубата без да се нанесе на палетата и да се разреди во потребната густина.

Ученици кои ја применуваат техниката гваш. Наставникот потсетува дека се слика со акварелни водени боички и бела темперна боја во туба. Како подлога за сликање во техниките темпера и гваш се употребува хартија за цртање од рапавата страна која добро ја прима бојата.

Ученици кои ја применуваат техниката акварел. Наставникот посетува дека се слика со акварелни водени бои.

Како подлога за сликање во техниките темпера, акварел и гваш се користи хартија за цртање од рапавата страна која добро ја прима бојата.

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ - извлекување заклучок

Изложување на цртежите, разгледување и анализа на истите во однос на користењето средства за сликање и нивна употреба во различни сликарски техники ( гваш, темпера, акварел, материјал за колажирање, фломастери, туш...).

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата 1. Што правевме денес? 2 Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Блок број 5, сликарски материјали: темперни боици, водени боици, бела темперна боја во голема туба, чаши за вода, палета за мешање бои.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите);
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардите за оценување **користи различни средства и подлоги за сликање**, наставникот очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да објаснат за различните средства и подлоги за сликање;
- да го разберат значењето на средствата за сликање и подлогите за сликање;
- правилно да ги комбинираат техниките и средствата за сликање при изработка на творба на даден мотив;
- естетски да ги анализираат цртежите на соучениците со откривање на сликарските материјали кои се користени, дали подлогата за сликање е соодветна, примената на ликовните елементи: боја, пропорција и форма во креирање човечка фигура во седечка и стоечка форма.

*Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Меѓупредметната интеграција може да се направи со предметот Физичко и здравствено образование преку стандардот комплекс вежби за обликување на тело со што учениците ќе имаат подобра претстава при сликањето човечка фигура (мотив за сликање на часот по Ликовно образование).

Интеграција може да се оствари и со предметот Природни науки кога ќе се изучува за раствори – раствор на бела темперна боја, акварелни бои и вода.

# ВТОР ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Ликовни материјали, техники и елементи во сликањето: подлоги, прибор, сликарски материјали – темпера, водени бои, гваш, природни и вештачки бои, тон, боја, комплементарен контраст, топли и ладни бои, темни и светли бои, внатрешен и надворешен простор.

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Разликува тонови и бои, ги комбинира и прави слика.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ - активирање на предзнаењата**

Наставникот поттикнува дискусија за поделба на боите и запишување преку техниката *Грозд.* (Предзнаења на учениците). Доколку нема поделба за ладни и топли бои, наставникот дополнува.



## ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење

**Вежба**: Учениците се делат во мали групи. Наставникот поведува дискусија за поделба на боите на ладни и топли. Секоја група добива ленти со бои и задача да ги групираат на топли и ладни бои и да поразговараат зошто така мислат. Еден ученик од групата ги презентира заклучоците на групата.

Наставникот демонстрира слика и објаснува кои се топли, а кои ладни бои. Ладни бои се: жолто-зелената, зелената, сино-зелената, сината, сино-виолетовата, виолетовата боја. Топли бои се: жолтата, жолто - портокаловата, портокаловата, портокалово - црвената, црвената и црвено - виолетовата боја. Покажува на цртежот дека ладните бои делуваат како нештата да се просторно подалеку, а топлите бои делуваат како нештата да се просторно поблиску. Наставникот ги потсетува за техниката акварел со демонстрација.

**Ликовно творење**: Учениците сликаат на мотив „Мојот одмор на море", користејќи ги како ликовен елемент ладните и топлите бои, а како техника акварел. Наставникот им дава насока за создавање пејсажна композиција со планови која претставува комплементарен контраст на топли/ладни бои.

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ - извлекување заклучок

Изложување на цртежите, разгледување и естетска анализа на истите по однос на користењето ладни и топли бои и нивното својство за просторно делување. Посебен акцент при анализата се става на техниката акварел и како се применува.



*„Белина" акварел, Симонида Филипова Китаноска*

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Блок број 5, водени бои, четки со разни дебелини, подлога за сликање.



*„Птица што зборува" акварел, Симонида Филипова Китаноска*

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардите за оценување **разликува тонови и бои, ги комбинира и прави слика**, наставникот очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да ја објаснат техниката акварел;
- правилно да ја користат техниката акварел при создавање пејзажна композиција;
- да знаат да применуваат ладни и топли бои при сликањето;
- да ги анализираат цртежите на соучениците од аспект на користење на ладни и топли бои.

*Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира со предметот Македонски јазик преку раскажување настан по сопствено доживување за одмор на море.

Содржината може да се интегрира и со предметот Природни науки кога учениците ги изучуваат поимите море, бранови.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Меѓупредметната интеграција може да се направи со предметот Физичко и здравствено образование преку стандардот комплекс вежби за обликување на тело, со што учениците ќе имаат подобра претстава при сликање човечка фигура (мотив за сликање на часот по Ликовно образование).

Интеграција може да се оствари и со предметот Природни науки кога ќе се изучува за раствори - раствор на бела темперна боја, акварелни бои и вода (интеграција при формирање поим и активност по Ликовно образование).

# ТРЕТ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Ликовни материјали, техники и елементи во сликањето: подлоги, прибор, сликарски материјали – темпера, водени бои, гваш, природни и вештачки бои, тон, боја, комплементарен контраст, топли и ладни бои, темни и светли бои, внатрешен и надворешен простор.

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

**Разликува тонови и бои, ги комбинира и прави слика.**

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ- активирање на предзнаењата

Наставникот поттикнува отворена дискусија по следниве прашања:

- Кои активности ги работите преку ден?
- Во какви бои ги гледате нештата околу вас кога е ден?
- Во какви бои ги гледате истите нешта околу вас кога е ноќ (кога нема светлина)? (Се заклучува дека бојата се гледа само кога има светлина - природна или вештачка).
- Кои бои се хроматски, а кои ахроматски?

### ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење

Наставникот практично покажува добивање на разни црно-бели тонови. Во чаша се става црна темперна боја и вода и се додава бела боја од друга чаша. Со постепено додавање бела боја, црната боја станува се посветла и посветла. Постојано со четка се нанесува од црно-белите нијанси и се создава палета од црно-бели нијанси на бои. Тоа се тонови на црната и белата боја или ахроматски тонови. Истото се повторува со црвена боја, со зелена боја и со друга боја по избор. Се заклучува дека има тонови на црвена боја, тонови на зелена боја, итн. Според тоа колку светлина има во бојата,
боите се делат на светли и темни бои.

*Хроматска тонска скала*



*ахроматска тонска скал*

Наставникот поттикнува дискусија за примена на техниката сликање со темперни бои. (Можни одговори: се работи на рапавата страна од листот од блок; може со тенки линии да се цртаат контурите на она што ќе се слика или директно да се слика со четка; бојата што се нанесува на четката да не биде ниту густа ниту водлеста; да се користи врвот или средишниот дел од четката).

**Ликовно творење**: Учениците се делат на две груп. Учениците од едната група сликаат на мотив „Магливо утро“ или „Облаци“ при што применуваат ахроматски тонови,

А учениците од другата група на ученици сликаат на мотив „Оган" (тонови на црвена и портокалова боја) или „Бранови на море" (тонови на сина боја), користејќи ги како ликовен елемент светлите и темните бои, а како техника темпера. Наставникот им дава насока за создавање слика со примена на тонови од две бои.



*Las formas del invierno | Enrique Pardo | Flickr*



*Hedgehogs: Great Fire of London silhouette paintings*

### ЗАВРШНА АКТИВНОСТ - извлекување заклучок

Изложување на цртежите, разгледување и естетска анализа на истите по однос на користењето на тонска градација на боите и застапеноста на светли и темни бои. Посебен акцент при анализата се става на техниката темпера и како се применува.

### РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

### СРЕДСТВА

Блок број 5, водени бои, четки со разни дебелини, подолга сликање.

### СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардите за оценување **разликува тонови и бои, ги комбинира и прави слика**, наставникот очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да објаснат за тонови на бои;
- правилно да ја користат техниката темпера при создавање слика со тонска градација;
- да применуваат светли и темни бои при сликање;
- да ги анализираат цртежите на соучениците од аспект на успешност во тонирање на бои – тонска градација.

*Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира со предметот Македонски јазик преку опис на природни појави (магливо утро,бранови,,,) или преку раскажување на краток текст. (Интеграција на активност и мотивација за сликање).

Интеграција може да се оствари и со предметот Природни науки кога ќе се изучува за раствори – раствор на бела темперна боја, црна темперна боја и вода. (Интеграција при формирање поим за раствор, смеса и практична активност по Ликовно образование).

# ЧЕТВРТ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Ликовни материјали, техники и елементи во сликањето: подлоги, прибор, сликарски материјали – темпера, водени боици, гваш, природни и вештачки бои, тон, боја, комплементарен контраст, топли и ладни бои, темни и светли бои, внатрешен и надворешен простор.

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Претставува комплементарен контраст на топли/ладни бои и темни/светли бои.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ- активирање на предзнаењата**

Наставникот поттикнува игра *Бои*, каде што учениците на лист хартија прават трага од боја и ја покажуваат.

- Направете траги на листот од сите ладни бои!
- Направете траги на листот од сите топли бои!
- Направете траги на листот од една ладна боја и една топла боја!
- Направете траги на листот од виолетова и жолта боја!
- Направете траги на листот од виолетова и црвена боја!
- Кога виолетовата боја е поизразена?

*Комплементарен контраст на жолто-портокалова боја и сино-виолетова боја*



*Комплементарен контраст на црвена боја и зелена боја*

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење**

Наставникот објаснува и демонстрира дека комплементарни бои се оние кои во кругот на бои се најоддалечени една од друга. Комплементарен контраст се добива со комбинација на една ладна и една топла боја. Ладни бои се: жолто-зелена, зелена, сино-зелена, сина, сино-виолетова, виолетова боја. Топли бои се: жолта, жолто-портокалова, портокалова, портокалово-црвена, црвена и црвено-виолетова боја.

**Вежба**: Учениците поделени во мали групи ги одредуваат комплементарните парови на ладни и топли бои. Секоја група добива круг на бои и црта стрелки меѓу најоддалечените бои во кругот на бои. Следува презентација од групите – именување на комплементарните парови на ладни и топли бои.

**Ликовно творење**: Учениците сликаат на мотиви:

1. „Ливада со црвени цветови"

2. „Градина со темјанушки“; 3. „ Залез на сонце “ (избираат еден од овие мотиви), при што како ликовен елемент користат боја (ладни и топли бои) и комплементарен контраст на ладни и топли бои. Како материјал користат темпера. Наставникот дава насока за создавање композиција со нагласување на контрастот зелена и црвена; жолто-портокалова и сино-виолетова; сина и портокалова.

Наставникот ги прашува учениците за техниката сликање со темперни бои. (Можни одговори: се работи на рапавата страна од листот од блок; може со тенки линии да ги исцртаат контурите на она што ќе се слика или директно да се слика со четка; бојата што се нанесува на четката да не биде ниту густа, ниту водлеста; да се користи врвот или средишниот дел од четката.)



*Ангела Азмановска V - б одделение*
*ООУ „Браќа Миладиновци“ Аеродром*



*Огнен Пандурски V - б одделение*
*ООУ „Браќа Миладиновци“ Аеродром ООУ „Браќа Миладиновци“ Аеродром*



*Иван Бундалевски V - б одделение*
*ООУ „Браќа Миладиновци“ Аеродром*



*Мила V - б одделение*
*ООУ „Браќа Миладиновци“ Аеродром*

Учениците ликовно творат, при што користат техника и мотив по избор (од поссочените од наставникот), применувајќи комплементарен контраст на топли и ладни бои.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ- извлекување заклучок**

Изложување на цртежите, разгледување и естетска анализа во однос на создавање композиција со примена на комплементарен контраст на топли и ладни бои.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Блок број 5, подлога за сликање (хартија, стар весник и сл), темперни бои, четки (дебела, средно голема и тенка), сад за вода, палета за бои.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардот за оценување **претставува комплементарен контраст на топли/ ладни бои** наставникот очекува од учениците да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да објаснат за комплементарни парови на ладни и топли бои;
- да опишат како изработиле композиција со примена на комплементарен пар на бои;
- правилно да користат четка и темперни бои при ликовно творење;
- естетски да ги анализираат цртежите на соучениците во однос на ликовните елементи, техниката, комплементарниот пар на топли/ладни бои и принципите кои се применети.

*Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира со предметот Македонски јазик при повторување за описни придавки и усвојување за определување род и број на придавка според број и род на именката.

Интеграцијата се остварува при естетската анализа на ученичките цртежи. На часовите по предметот Македонски јазик со описни придавки учениците опишуваат она што е насликано, но одредуваат и род и број кај придавките (виолетови темјанушки, црвени цветови, сино мирно море итн.).

# ПЕТТИ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Ликовни материјали, техники и елементи во сликањето: подлоги, прибор, сликарски материјали – темпера, водени бои, гваш, природни и вештачки бои, тон, боја, комплементарен контраст, топли и ладни бои, темни и светли бои, внатрешен и надворешен простор.

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Претставува комплементарен контраст на топли/ладни бои и темни/светли бои.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ- активирање на предзнаењата**

Наставникот ги насочува учениците на лист хартија да направат тонови од боја по избор (од најсветли до најтемни). Лентата со тонската скала на бојата и ја изложуваат на пано. Се создава палета од тонски скали и се дискутира кои се светли, а кои темни бои. Како добиле тонови? (Со ова прашање се најава целта на часот).

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење**

Наставникот објаснува и демонстрира дека комплементарен контраст на светли и темни бои се оние кои во лентата на тонската скала се најоддалечени една од друга. Комплементарен контраст се добива со комбинација на светли и темни бои.

**Ликовно творење**: Учениците сликаат на мотив „Виножито" или без мотив со употреба на ликовниот елемент боја – контраст на светли и темни бои и материјал – акварелни водни бои и бела темпера. Наставникот дава насока за создавање плошна композиција со нагласување на спектарот на бои.









*Roger Carlisle - Greg Thompson Fine Art* *Desert landscapes in tonal gradations | Desert art projects, Desert art*

Учениците ликовно творат при што користат т е х н и к а гваш, применувајќи комплементарен контраст на светли и темни бои.

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ- извлекување заклучок

Изложување на цртежите, разгледување и естетска анализа во однос на создавање на плошна композиција со нагласување на спектарот на бои и комплементарен контраст на светли и темни бои.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Блок број 5, подлога за сликање (хартија, стар весник и сл.), акварелни, водни бои, туба со бела темперна боја, четки (дебела, средно голема и тенка), сад за вода, палета за бои, ученички цртежи, бели ленти од хартија поделени на правоаголници.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

*Според стандардот за оценување **претставува комплементарен контраст на светли/темни бои** наставникот очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да објаснува за комплементарни парови на светли и темни бои;
- да опишат како изработиле композиција со примена на комплементарен контраст на светли и темни бои;
- правилно да користат четка и темперни бои при ликовно творење;
- естетски да ги анализираат цртежите на соучениците во однос на ликовните елементи, техниката, комплементарниот контраст на светли и темни бои и принципи кои се применети.

*Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира со предметот Природни науки преку содржината *Светлина и бои*. Учениците објаснуваат дека белата светлина е составена од светлински зраци со различни бои и редоследно ги набројуваат боите. Интеграцијата се остварува при исполнување на стандардот и практичната активност кога треба да сликаат на мотив „Виножито“.

# ШЕСТИ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Ликовни материјали, техники и елементи во сликањето: подлоги, прибор, сликарски материјали – темпера, водени бои, гваш, природни и вештачки бои, тон, боја, комплементарен контраст, топли и ладни бои, темни и светли бои, внатрешен и надворешен простор.

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Воочува и слика внатрешен и надворешен простор.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ- активирање на предзнаењата**

Наставникот насочува учениците да состават уметничка слика да го одредат правецот на распоред на елементите кој доминира и да определат дали е насликан надворешен или внатрешен простор.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење**

Наставникот објаснува, преку презентација на уметнички дела со следниве линкови и насоки:

Art Room Drawing - Bing images

Landscape Paintings - Bing images



*предлог за сложувалки*

**Просторот** е ликовен елемент во сликањето и тој може да биде внатрешен и надворешен. Надворешниот простор е отворен и може да се движи без никакви граници. Внатрешниот простор е затворен и има граници. Просторот во уметничкото дело се добива со користење на помали или поголеми форми, со топли и ладни бои, со преклопување и со перспектива.



*Landscape Paintings - Bing images*



*Art Room Drawing - Bing images*

vertical and horizontal composition in works of art - Bing images
vertical composition in works of art - Bing images

**Композиција** е распоредување на ликовни елементи. Наједноставниот распоред на елементите може да биде вертикална и хоринзонтална композиција. **Хоринзонтална композиција** во ликовната творба ќе има ако доминира хоризонталниот распоред и организација на ликовните елементи.

**Вертикалната композиција** во ликовната творба ќе има ако доминира вертикалниот распоред и организација на ликовните елементи.

**Ликовно творење:** Учениците сликаат на мотив **„Мртва природа"** со употреба на ликовните елементи: форма, вертикална/хоризонтална композиција, а како техника користат темпера. Наставникот им дава насока за создавање композиција од чаши, чинија, бокал, шише или други садови за нагласување на формата, но и внатрешниот и надворешниот простор.



*хоринзонтална композиција*





*вертикална композиција*

*Кристина Ристовска, студент III година на графички дизајн*

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ- извлекување заклучок

Изложување на цртежите, разгледување и естетска анализа во однос на создавање на вертикална или хоринзонтална композиција со нагласување на формата, надворешниот и внатрешниот простор.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Блок број 5, подлога за сликање(хартија, стар весник и сл), темперни бои, четки (дебела, средно голема и тенка), сад за вода, палета за бои, ликовни творби од интернет, уметнички слики - сложувалка.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).

- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардот за оценување **воочува и слика внатрешен и надворешен простор** наставникот очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да објаснат што е вертикална или хоризонтална композиција;
- да знаат да опишат каква композиција создале и да знаат каков вид простор има;
- правилно да користат четка и темперни бои при ликовно творење;
- естетски ги анализираат цртежите на соучениците во однос на формата како ликовен елемент, вертикалната/хоризонталната композиција, со нагласување на формата, но и на внатрешниот и надворешниот простор.

* Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Интеграција со предметот Математика при формирање на поим за координатен систем, вертикална и хоринзонтална оска.

# СЕДМИ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Ликовни материјали, техники и елементи во сликањето: подлоги, прибор, сликарски материјали – темпера, водени бои, гваш, природни и вештачки бои, тон, боја, комплементарен контраст, топли и ладни бои, темни и светли бои, внатрешен и надворешен простор.

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Воочува и слика внатрешен и надворешен простор.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ - активирање на предзнаењата**

Наставникот поттикнува игра на асоцијација каде учениците треба да погодат ПЕЈЗАЖ. Преку ова се активираат нивните предзнаења за пејзажот како мотив, надворешен и внатрешен простор, топли и ладни бои итн.

| | | |
|---|---|---|
| ОТВОРЕН | ЖОЛТА БОЈА | ВЕРТИКАЛНА |
| НЕМА ГРАНИЦИ | ЦРВЕНА БОЈА | ХОРИНЗОНТАЛНА |
| НАДВОРЕШЕН ПРОСТОР | ТОПЛИ БОИ | КОМПОЗИЦИЈА |
| ПЕЈЗАЖ | | |

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ- искуствено учење**







*BOUDIN - TROUVILLE, 1864*

*CEZANNE - LE MONT SAINTE-VICTOIRE 1897-98*

*THE HERMITAGE, ST.PISSARRO - HYDE PARK, LONDON, 1890,*

Наставникот преку мултимедијална презентација на уметнички дела од познати уметници каде што се среќава мотивот ПЕЈЗАЖ поттикнува отворена дискусија за естетската анализа од аспект на вертикална или хоризонтална композиција, внатрешен или надворешен простор, бои кои се користени и техника со која е креирано уметничкото дело.

**Ликовно творење**: Учениците сликаат на мотив „**Есенски пејзаж**" со користење на ликовните елементи боја (топли бои) и простор, а како техника применуваат темпера. Наставникот ги насочува да создадат композиција со нагласување на надворешниот простор. Учениците ликовно творат, при што користат темперни бои, создавајќи вертикална или хоринзонтална композиција на ликовните елементи.

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ - извлекување заклучок

Изложување на цртежите, разгледување и естетска анализа во однос на користење на топли бои, создавање на вертикална или хоринзонтална композиција со нагласување на надворешниот и внатрешниот простор.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Блок број 5, подлога за сликање (хартија, стар весник и сл), темперни бои, четки (дебела, средно голема и тенка), сад за вода, палета за бои, ликовни творби од интернет, уметнички слики - сложувалка.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардот за оценување воочува и слика внатрешен и надворешен простор, наставникот очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да објаснат за вертикална или хоризонтална композиција;
- да знаат да опишат каква композиција изработиле и каков простор;
- правилно да користат четка и темперни бои при ликовно творење;
- естетски ги анализираат цртежите на соучениците во однос на топлите бои како ликовен елемент, вертикалната/хоризонталната композиција, со нагласување на надворешниот простор.

* Наставникот може да изработи и квиз како метод на формативното оценување за изучените ликовни елементи и принципи во сликањето како ликовно подрачје.

* Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира со предметот Македонски јазик преку активноста опишување, раскажување или создавање на кратки текстови за есенски пејзаж според она што го насликале на часот по предметот Ликовно образование.

# ОСМИ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Естетско проценување: сликарска текстура, ахроматска и хроматска композиција, трансформација, слој на боја, комбинација на големи и мали форми, карактер на мотивот и естетско проценување, мотив - мртва природа, пејсаж, портрет, композиција.

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Создава сликарска текстура.



*ученичка ликовна творба*

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ- активирање на предзнаењата

Преку техниката *Бура на идеи* учениците кажуваат зборови поврзани со ТЕКСТУРА и истите се запишуваат на табла или на пано. Наставникот преку мултимедијална презентација ги запознава учениците со **сликарска текстура** преку прикажување на слики од познати уметници.





### ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење

Наставникот објаснувадека сликата се гради со разни површини обоени со боја, со тон, со линија но и со употреба на разновидна текстура.

**Текстурата** со боја се добива кога се претставува рапава, мазна или друг вид на површина на нештата. Текстурата се добива со нанесување на поретка и погуста боја, боја врз боја, цртање врз бојата, со прскање на боја врз боја, со гребење на сувата или водената боја од некој предмет.

Учениците дискутираат за презентираните слики. Од дискусијата заклучуваат дека **сликарска текстура е кога со експериментирање и различни начини на работа со бојата се добиваат разновидни сликарски површини.**

**Ликовно творење:** Учениците работат во четири групи од по од 4 до 5 ученика. Секоја група добива насоки за работа според материјалите што учениците ги имаат донесено. Наставникот дава насоки учениците да творат на мотив по сопствен избор со темперни бои. Учениците ликовно творат при што користат темпера техника, различни предмети за да создадат сликарска текстура.

Првата група слика со темперни бои. По нанесувањето на бојата потребно е со помош на четка за заби да поминат преку сликата и да направат текстура.

Учениците од првата група сликаат со темперни бои. По нанесувањето на бојата, потребно е со помош на четка за заби да поминат преку сликата и да направат текстура.





Учениците од втората група сликаат со темперни бои. По завршување на сликата, потребно е со помош на чешел да поминат преку сликата и да направат текстура.

Учениците од третата група сликаат со темперни бои. По нанесувањето на бојата, потребно е со помош на стапчиња (чепкалки за заби) да поминат преку сликата и да направат текстура.

Учениците од четвртата група сликаат со темперни бои. По завршување на сликата, потребно е со помош на медицинско стапче (шпакла) да поминат преку сликата и да направат текстура.

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ- извлекување заклучок

Изложување на сликите, разгледување и анализа во однос на добивање на сликарската текстура со помош на различни предмети и опишување каква текстура е претставено.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата: 1.Што правевме денес? 2 Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Блок број 5, палета за мешање на бои, темперни бои, четка за заби, чешел, чепкалки за заби, медицинско стапче (шпакла).

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби.

Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби. Според стандардот за оценување создава **сликарска текстура,** наставникот очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да објаснат што е текстура и како се создава сликарска текстура;
- да опишат како изработиле текстура со помош на различни предмети;
- правилно да комбинираат техники и средства кои ги избрале;
- да ги анализираат цртежите на соучениците во однос на текстурата, ликовните елементи и принципите кои се применети.

*Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира со предметот Природни науки преку активноста за откривање различни видови карпи кои имаат различна текстура. (Ако имаат различна текстура, дали според тоа може да се разликуваат карпите?) Во предметот Ликовно образование се објаснуваат различните видови текстури кои учениците ги прават со помош на чепкалка за заби, четка за заби и медицинско стапче (шпакла).

# ДЕВЕТТИ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Естетско проценување: сликарска текстура, ахроматска и хроматска композиција, трансформација, слој на боја, комбинација на големи и мали форми, карактер на мотивот и естетско проценување, мотив – мртва природа, пејсаж, портрет, композиција.

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Трансформира ахроматска композиција во хроматска.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ- активирање на предзнаењата**

Наставникот демонстрира ученички цртежи коишто биле претходно изработени. Учениците треба да умеат да ги разликуваат цртежите. Кои цртежи се изработени со хроматски бои, а кои со ахроматски бои.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење**

Учениците сликаат на даден мотив, при што трансформираат ахроматска композиција во хроматска. Тие сликаат на мотив „Овошје" (јаболко, слива, праска...), при што како ликовен елемент користат боја, а како техника користат темпера. Наставникот дава насока листот од блок да го поделат на половина. На едната половина да насликаат ахроматска композиција (јаболкото да биде обоено со ахроматски бои), на другата половина на листот јаболкото да биде обоено со хроматски бои. (Доколку има можности, учениците може дигитално да сликаат со користење соодветни програми, на пример, Пеинт [Paint] или други. Првата група ученици ќе креира дигитална ликовна творба со ахроматски бои. Втората група истата дигитална творба треба да ја претстави со хроматски бои.)

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ - извлекување заклучок**

Изложување на цртежите, разгледување и анализа на истите во однос на начинот на трансформирање на ахроматска композиција во хроматска.

*Посебен акцент при анализата се става на креирање на цртеж со користење на компјутер, односно на соодветни програми за цртање на пример, Пеинт или други (доколку се направени дигитални цртежи).

**РЕФЛЕКСИЈА**

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Блок број 5, темперни бои, четки во три големини, подлога - весник, подлога за сликање, лист хартија, сад за вода, слики од познати уметници со ахроматски и хроматски бои, компјутери, програми за цртање.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардите за оценување **трансформира ахроматска композиција во хроматска** наставникот очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да објаснат како се трансформира ахроматска композиција во хроматска;
- да го разбираат значењето на трансформирањето на ахроматска композиција во хроматска;
- правилно да комбинираат техники и средства при изработка на цртеж по даден мотив;
- да применуваат ликовни елементи и принципи по избор и истите да ги разбираат;
- да ги анализираат цртежите на соучениците со акцент на трансформирање на ахроматска во хроматска композиција.

* Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Интеграција со предметот Природни науки при реализирање на следниве стандарди:

- Ја објаснува темнината како отсуство на светлина. (Ахроматска композиција).
- Објаснува дека белата светлина е составена од светлински зраци со различни бои и редоследно ги набројува боите (тогаш предметите може да ги насликаме со хроматски бои).
- Објаснува дека нештата ги гледаме кога светлината се рефлектира (одбива) од нив и доаѓа до нашите очи или кога самите се извори на светлина. (Хроматска композиција).

Интеграција со предметот Музичко образование - пеење песна по слух со текст за ахроматски и хроматски бои, во одреден ритам и интонација, со одредено темпо и динамика.

# ДЕСЕТТИ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Естетско проценување: сликарска текстура, ахроматска и хроматска композиција, трансформација, слој на боја, комбинација на големи и мали форми, карактер на мотивот и естетско проценување, мотив –мртва природа, пејсаж, портрет, композиција.

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Нанесува различни слоеви боја на сликарска подлога.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ- активирање на предзнаењата**

Учениците преку техниката *Бура на идеи* кажуваат за нивното искуство за нанесување на боја на различни подлоги. Можни одговори: картон, стакло, хартија...

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење**

Наставникот поттикнува дискусија како да се нанесат различни слоеви на боја на разни сликарски подлоги во следниве насоки:

* Хартија и картон како сликарски подлоги.

Потенки хартии ќе се насоберат за време на нанесувањето и сушењето на боите, па затоа не се препорачуваат за сликање со темперни бои.

* Стакло и порцелан како сликарски подлоги;

Стаклото и порцеланот не бараат посебна подготовка, бидејќи станува збор за стабилни и неапсорбирачки материјали. Најважно е добро да се измијат со детергент и вода, да се избришат со алкохол или, пак, да се измијат со раствор од оцет и вода за да може бојата добро да се нанесе. Откако предметот ќе се исуши, целосно може да се слика со бои за стакло.

* Сликање на ѕид како сликарска подлога.

Насликаните делови на ѕид се нарекуваат мурали. Ваквите дела најчесто се изведуваат со акрилни бои или со бои за ѕид кои се на база на вода. Подготовката зависи од состојбата во која се наоѓа ѕидот.

* Метал и пластика како сликарски подлоги.

Кога се нанесува боја на метални или пластични предмети, мора да се земе во предвид колку предметот е мазен, односно сјаен. Кај предметите со особено мазна површина бојата има тенденција многу брзо да се брише и да се лупи по сушењето, па затоа треба површината прво да се исчисти со шмиргла за да стане погруба.

* Стиропор како подлога за сликање.

Најдобро е да се работи директно на стиропор само со темперни бои.

**Ликовно творење:** Учениците сликаат на мотив „Зеленчук", применувајќи ликовен елемент боја (ладни и топли бои) со сликарски материјали темпера и пастел. Наставникот ги насочува да создадат композиција со прв и втор план и да нанесуваат различни слоеви боја на сликарска подлога. Наставникот дава јасни напатствија да се внимава и да создадат композиција со нанесување на различни слоеви на боја.

Наставникот ги дели учениците во 5 групи (од 4 до 5 ) ученика. Секоја група добива насоки за работа според подлогата што ќе ја користи.

**Првата група** ќе работи на подлога метал. Учениците како метал можат да користат метални кантички.

**Втората група** ќе работи на пластика. Учениците како пластика може да користат пластични чинии, чаши...

**Третата група** ќе работи на подлога стиропор. Учениците како стиропор можат да користат табли од стиропор кои ги има во училиштата.

**Четвртата група** ќе работи на подлога стакло. Учениците како стакло може да користат парче стакло (со заоблени ивици од безбедносни причини) или стаклен сад: тегла, чаша и сл.

**Петтата група** ќе работи на подлога порцелан. Учениците како порцелан можат да користат садови од порцелан (шолји, чаши, чинии и сл).

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ- извлекување заклучок

Изложување на ликовните изработки, разгледување и анализа во однос на примена на различни подлоги за сликање и начини на работа при нанесување на бојата на разни сликарски подлоги.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Стакло, плочка, метал, пластика, четки, темперни бои.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардите за оценување **нанесува различни слоеви боја на сликарска подлога,** наставникот очекува учениците да ги исполнат следниве резултати: Објаснува за различни сликарски подлоги и како на нив се нанесува боја;

- да знаат да објаснат за различните сликарски подлоги и како на нив се нанесува боја;

- да го разбираат значењето на сликарската подлога при успешно изработена творба;
- правилно да нанесуваат различни слоеви боја на сликарска подлога по даден мотив;
- да ги анализираат цртежите на соучениците со акцент на тоа дали правилно ја подготвиле сликарската подлога за да можат успешно да нанесат повеќе слоеви боја.

* Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира со предметот Природни науки каде што се запознаваат со содржината на влијанието на човекот врз животната средина. Преку причинско-последичната врска учениците ја разбираат важноста на рециклирањето и реупотребата на материјалите (пластични чаши, чинии, метални канти...).

# ЕДИНАЕСТТИ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Естетско проценување: сликарска текстура, ахроматска и хроматска композиција, трансформација, слој на боја, комбинација на големи и мали форми, карактер на мотивот и естетско проценување, мотив –мртва природа, пејсаж, портрет, композиција.

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Слика со комбинација на мали и големи форми.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ- активирање на предзнаењата**

Наставникот поттикнува отворена дискусија за анализа на слика од уметник каде што има комбинирање на разни големини на форми.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење**

Наставникот објаснува дека еден ист предмет може да изгледа како помал или поголем во зависност од неговата поставеност во просторот. Ликовни творби се комбинираат од помали и поголеми линии, површини, форми и волумен. Меѓусебниот однос на големините се нарекува **пропорција.**



*CEZANNE - STILL LIFE WITH PEPPERMINT BOTTLE 1890-94 NATIONAL*



*Портрет Mona Lisa Leonardo Da Vinci*

Учениците истражуваат на интернет за пропорција при сликање на портрет на човек.

[famous portrait art - Bing images]

Ликовно творење: Учениците сликаат на мотив „Портрет" со употреба на ликовните елементи боја и пропорции, а како материјали користат: темпера, акварел, пастел. Наставникот дава насоки за нанесување различни слоеви боја на сликарска подлога.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ- извлекување заклучок**

Изложување на цртежите, разгледување и анализа на односот на мали и големи форми, пропорција и начин на сликање по мотив „Портрет".

**РЕФЛЕКСИЈА**

Се води дискусија по прашањата: 1.Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Блок број 5, темперни бои, четки во три големини, палета за сликање, сад за вода.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардот за оценување **комбинација на мали и големи форми**, наставникот очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да објаснат за големи и мали форми во опкружувањето и во ликовните дела;
- да опишат како изработиле однос на големи и мали форми при сликање портрет;
  правилно да ги комбинираат техниките и средствата кои ги избрале;
- да применуваат пропорција при изработка на портрет;
- да ги анализираат цртежите на соучениците во однос на комбинацијата на големите и малите форми, пропорцијата, ликовните елементи и принципите кои се применети.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Меѓупредметната интеграција може да се направи со предметот Математика кога се формира поим за осна симетрија, а по Ликовно образование поим за портрет. (Лицето [портретот] кај човекот има една оска на симетрија. Ликовните елементи кои ќе се користат при сликање портрет мора од двете страни на оската да бидат исти. Може да се направи ваква споредба и да се покаже и практично.)

# ДВАНАЕСЕТТИ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Естетско проценување: сликарска текстура, ахроматска и хроматска композиција, трансформација, слој на боја, комбинација на големи и мали форми, карактер на мотивот и естетско проценување, мотив –мртва природа, пејсаж, портрет, композиција.

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Одредува карактер на мотивот на сликата (естетски ја проценува).

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ- активирање на предзнаењата**

Наставникот преку техниката *Асоцијација* поттикнува дискусија со цел учениците да го откријат поимот ЕСТЕТИКА.

| | |
|---|---|
| ФИЗИКА | ЛИЧНА |
| ИСТОРИЈА | ПРЕКРАСНА |
| МАТЕМАТИКА | МОМА |
| НАУКА | УБАВА |
| ЕСТЕТИКА | |

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење**

Се води дискусија за естетиката како наука за убавото. Со прашањето за убавото се занимавале многу уметници, филозофи, естетичари. Преку анализа на ликовните творби се стекнува способност да се процени што е вредно во една уметничка творба. Естетско проценување може да се направи на секоја ликовна творба од секое подрачје: слика, цртеж, пластично обликување и градење, графика или дизајн и визуелни комуникации. Наставникот демонстрира уметнички слики од познати автори и како извор користи различни интернет страници по сопствен избор. Учениците ги гледаат сликите и се прави естетска проценка на истите.



**Естетска проценка на сликата: „Ѕвездена ноќ“ од Винсент Ван Гог**

Сликата е поделена на две хоризонтални рамнини: небото (горниот дел) и земјата (урбаниот пејзаж долу), кои се прободени со вертикала од чемпреси. Преку долги, дебели потези и ритмичка алтернација на дамки во боја, тој создава чувство на динамика, ротација, спонтаност, што ја нагласува тајната, неразбирливоста и бескрајот и моќта на вселената.

Ефектот на треперењето на небесните тела се создава со комбинирање на ладно бело и различни нијанси на жолта боја.



**Естетска проценка на сликата: „Девојка со бисерна обетка“ од Јоханес Вермер**

Со разни постапки авторот добил разновидна и богата текстура.

Употребувал слични бои и контраст на светло и темно на одделни делови со што е потенциран ликот.

Употребил слични бои што на сликата и дава карактер на смиреност. На сликата има препознатлив мотив, каде што доминантна е големата обетка.

По дадените примери, учениците се делат во четири групи составени од 4 до 5 ученика. Секоја група има за задача по сопствен избор да истражува и естетски да анализира една слика.

Потоа следи презентација на групната работа за естетската проценка на сликите кои учениците ги истражуваа по сопствен избор, но со посочен линк од наставникот.

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ - извлекување заклучок

Дискусија за естетската проценка и споредбена анализа на сликите, слика со конкретно дефиниран мотив и слика со апстрактен мотив.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Компјутер, проектор, паметна табла, слики, интернет посочени страни од наставник

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Естетска проценка на изработените творби.
- Учеството во анализа на прикажаните ликовни творби.
- Според стандардите за оценување **одредува карактер на мотивот на сликата (естетски ја проценува),** наставникот очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:
- да знаат да објаснат за карактерот на мотивот на сликата (естетски ја проценуваат);
- да го разбираат значењето на карактерот на мотивот на сликата;

- естетски правилно да ја проценуваат сликата.

* Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира со предметот Македонски јазик, со подрачјето Медиумска писменост каде што учениците од дадените информации треба да знаат да направат разлика меѓу пренесување факти (факт е дека сликата „Ѕвездена ноќ“ е од уметникот од Винсент ван Гог; тој сликал со ладни и топли бои) и искажување личен став/мислење (чувство на динамика, ротација, спонтаност што ги нагласува тајната, неразбирливоста, бескрајот и моќта на вселената.)

# ТРИНАЕСЕТТИ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Естетско проценување: сликарска текстура, ахроматска и хроматска композиција, трансформација, слој на боја, комбинација на големи и мали форми, карактер на мотивот и естетско проценување, мотив-мртва природа, пејсаж, портрет, композиција.

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Разликува разни мотиви (мртва природа, пејзаж, портрет, композиција) и ги именува.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ- активирање на предзнаењата**

Учениците преку квизот треба да си го проверат своето знаење за разни мотиви при сликање - пејзаж, мртва природа, портрет и композиција како ликовен принцип. (Композиција е ликовен принцип во кој се гледа распоредот на линиите, боите, тоновите, во една ликовна творба.).

**Прашања за квиз**

1. Кога на ликовното дело е претставен лик на човек тој мотив се нарекува:
   а. пејзаж
   б. мртва природа
   в. портрет
2. Пејзаж е мотив каде што се претставуваат убавините на планините, шумите, реките, морињата, небото, селата и градовите.
   а. точно
   б. неточно
3. Кога во ликовното дело препознаваме разни предмети тој мотив се нарекува:
   а. мртва природа
   б. портрет
   в. пејзаж
4. Во ликовните творби градиме композиција по наша желба и замисла.
   а. точно
   б. неточно

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење**

Наставникот демонстрира слики преку мултимедијална презентација. Учениците ги набљудуваат сликите и го одредуваат мотивот во сликите (пејзаж, мртва природа, портрет) како и видовите композиција.

Игра: ***Откриј го натрапникот***

Едена од сликите во групата слики со мотив портрети, една да биде со мотив мртва природа и сл. односно треба да биде погрешна (натрапник).



*1. LEONARDO DA VINCI - PORTRAIT OF CECILIA GALLARANI (The Lady with an Ermine)*



*2. VAN GOGH - STILL LIFE WITH A BOTTLE AND LEMONS ON A PLATE*



*3. CEZANNE - MONT SAINT-VICTOIRE 1885-87 THE METROPOLITAN MUSEU*



*4. MANET - THE FIFER, 1866, OIL ON CANVAS*



*5. LEONARDO DA VINCI - THE ANNUNCIATION*

Наставникот ги потикнува учениците на отворена дискусија за сликата каде што е насликан пејсаж. Учениците треба да ги воочат ликовните елементи и кои материјали се користени за создавање на таа слика.

Наставникот ги потикнува учениците на отворена дискусија за сликата каде што мотивот е мртва природа. Тие треба да ги воочат ликовните елементи и кои материјали се користени за создавање на таа слика. По набљудувањето на сликите и по дискусијата, учениците се делат во групи од 5 до 6 ученика, во зависност од бројот на паралелката.

- Едни групи добиваат задача да ги открие мотивите во сликите и разликата меѓу мотивите во сликите;
- Други групи добиваат задача да го одреди видот на композицијата во сликите.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ - извлекување заклучок**

По завршување на активностите учениците своите заклучоци ги презентираат пред одделението.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Компјутер, проектор, паметна табла,слики од познати уметници, посечни интернет-страници од наставникот.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардот за оценување **разликува разни мотиви (мртва природа, пејзаж, портрет, композиција) и ги именува** ученикот треба да ги постигне следниве резултати:

- да именуваат и да знаат да објаснат како ја воочуваат разликата меѓу разни мотиви;
- да анализираат слики и да ги откријат мотивите и видот на композицијата во сликите.

*Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира со предметот Македонски јазик кога учениците идентификуваат поетски слики во кои се опишани пејзажи и ги поткрепува со стихови од песната.

# ЧЕТИРИНАЕСЕТТИ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Естетско проценување: сликарска текстура, ахроматска и хроматска композиција, трансформација, слој на боја, комбинација на големи и мали форми, карактер на мотивот и естетско проценување, мотив-мртва природа, пејсаж, портрет, композиција.

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Разликува разни мотиви (мртва природа, пејзаж, портрет, композиција) и ги именува.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ- активирање на предзнаењата**

Наставникот преку техниката *Бура на идеи* ги проверуваат предзнаењата на учениците за портрет и композиција.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење**

Наставникот објаснува за композиција и портрет. Во композицијата како ликовен принцип, ликовниот уметник се обидува ликовно да ги распореди ликовните елементи во една уметничка целина.

Во композицијата се распоредуваат: линиите, боите, тоновите, формите, волуменот, текстурата со цел да се добие целина која има уметничка вредност.

Кога на ликовното дело е претставен лик на човек, тој мотив го нарекуваме ПОРТРЕТ. Кога уметниците изработуваат портрет, го претставуваат физичкиот изглед на човекот, но во исто време ги прикажуваат и психолошките карактеристики и изразот на лицето.


*Gauguin, Портрет на Маделин Бернард*


*Schiele, Автопортрет, 1918*


*Van Gogh, Автопортрет, 1886*


*Пабло Пикасо, Мари Тереза, 1939*

Наставникот ги поттикнува учениците на отворена дискусија за сликата каде што мотивот е портрет. Тие треба да го одредат видот на композицијата (вертикална и хоризонтална), да ги воочат ликовните елементи и кои материјали се користени за создавање на таа слика.

Учениците во групи од од 5 до 6 ученици, во зависност од бројот на паралелката добиваат задача да одредуваат во кои слики има мотив Портрет и со какви материјали е создаден.

Друга задача е да го одредат видот на композицијата и да ги воочат ликовните елементи.

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ - извлекување заклучок

По завршување на активноста во групите, учениците презентираат за нивните заклучоци според претходно поставените барања.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Компјутер, проектор, паметна табла, слики од познати уметници, интернет-страници посочени од наставникот.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардите за оценување **разликува разни мотиви (мртва природа, пејсаж, портрет, композиција) и ги именува н**аставникот очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да објаснат како и според кои карактеристики откриле дека се работи за мотивот портрет;
- да анализираат слики и да ги откријат мотивите и видот на композицијата во сликите.

* Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира со предметот Македонски јазик кога учениците, поделени во групи, добиваат работен лист со наслов Хомоними во кој се наведени реченици во кои се употребени зборови што имаат соодветни хомоними (пример: музичката композиција ја напишал Бетовен. Сликата на Леонардо да Винчи има вертикална композиција). Учениците имаат задача да го откријат зборот во секоја од речениците што има и друго значење и да направат нова реченица со зборот композиција што ќе одразува и друго значење. Речениците ги читаат наглас и заеднички констатираат дека зборовите што имаат две или повеќе значења се нарекуваат хомоними.

# ПЕТНАЕСЕТТИ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Естетско проценување: сликарска текстура, ахроматска и хроматска композиција, трансформација, слој на боја, комбинација на големи и мали форми, карактер на мотивот и естетско проценување, мотив –мртва природа, пејсаж, портрет, композиција.

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Користи компјутерски програми за конструирање цртеж.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ- активирање на предзнаењата**

Наставникот и учениците дискутираат за разните компјутерски програми за сликање. (Програми за цртање се: ГНУ ПЕИН [GNU PAIN], СМУТ ДРОУ [SMOOTH DRAW], ПЕИНТ ТУЛ [PAINT TOOL] и други.)

Доколку има ученици кои сликале со програми за цртање, го споделуваат своето искуство со другарите во одделението и презентираат со помош на компјутер и проектор.

Можно објаснување од ученик или наставник:

Потребно е да се одбере софтвер за дигитално сликање.

Алатки за сликање се четка, пенкало, молив или уметничка четка со бои и да ја преместите преку виртуелно платно користејќи глушец тастатура или специјални уреди како што се графички табли. Постојат специјални панели за работа со палетата.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење**

Во програмата Пеинт (Paint) постојат: алатки за означување, алатки за цртање со слободна рака, за бришење (гума ), за боење (четка, спреј, кантичка), за цртање линии и геометриски форми.

Наставникот дава насоки учениците да работат на различна компјутерска програма за цртање и да создадат вертикална или хоризонтална композиција со нагласување на спектарот на бои. Учениците сликаат на мотив по сопствен избор, со примена на ликовните елементи: боја, форма, големина итн.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ - извлекување заклучок**

По завршување на самостојната работа учениците презентираат со кои алтки ја изработиле дигиталната уметничка творба и кои ликовни елементи и принципи ги примениле.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата: 1.Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Компјутер, проектор, паметна табла.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардот **користат компјутер и употребуваат различни компјутерски програми за сликање** наставникот очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да објаснат како се користи компјутерот и како се употребуваат различните компјутерски програми за цртање;
- да анализираат дигитални ликовни творби и да ги воочат ликовните елементи и принципи применети во нивното создавање.

*Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Меѓупредметната интеграција може да се направи со содржини или поими од сите предмети во зависност кои стандарди од предметите се реализираат тој ден. Секој ученик може да црта со програма за цртање според содржините.

ТРЕТА ТЕМА

# Пластично обликување и градење

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Ученикот/ученичката по исполнување на стандардите за оценување ќе биде способен/способна да:

1. користи различни техники и материјали за пластично обликување во просторот и да создава облици, да моделира и да гради;
2. воочува и опишува волумен и да компонира целина од две или повеќе фигури;
3. прави разлики меѓу висок и низок релјеф и да моделира низок релјеф;
4. обликува и гради со примена на компјутер;
5. ја развива креативноста и мануелната способност.



# ПРВ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Пластично обликување и моделирање и градење – елементи, материјали, средства и естетско проценување (волумен - аглест/валчест, испапчен/вдлабнат, композиција, пропорција, контраст, релјеф - висок/низок, негеометриски слободни форми, геометриски тела, скулптура, биста, тридимензионалност).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Користи различни средства и материјали за пластично обликување и градење. Препознава и изработува тридимензионални форми (статуа, релјеф, биста, архитектонска градба).

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ- активирање на предзнаењата**

Учениците набројуваат средства и материјали кои ги користеле за пластично обликување и градење при нивните ликовни изработки. (Можни одговори од учениците: картон, хартија, ткаенина, конец, дрво, жица, глина, пластелин, амбалажа,...).

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење**

Учениците во мали групи разгледуваат уметнички дела (облици и градби: биста, статуа, портрет, релјеф, архитектура) и ги препознаваат тридимензионалните форми кај нив и материјалот од кој се направени.

Еден од групата ги презентира заклучоците.



*Donatello - Bust of Niccolo Da Uzzano Greek*



*Money Changing, Marble*



*Notredame, Pari*



*Greek - Athena, Marble, Found in the Gardens of Lucullus, Ro*

Наставникот ги надополнува знаењата и објаснува кога се изработува статуа, релјеф или биста во секојдневието.

**Биста** е тридимензионална форма поставена на мал столб. Го претставува горниот дел на човечкото тело(глава, врат, рамења и градите). Материјали од кои се прави бистата се глина, мермер или бронза.

**Статуата** претставува човек, животно или настан во вистинска големина или поголеми. Се изработува од бронза, мермер, бетон, челик...

**Релјеф** е секогаш поставен на некоја површина, ѕид, декорација во објекти, во музеи и сл.

**Архитектура** е уметност и наука за проектирање и изградба на згради и други објекти.

**Ликовно творење**: Учениците моделираат различни скулптури по сеќавање од претходно посетени музеи или скулптури на отворен простор со тридимензионални форми (статуа, релјеф, биста, архитектура). Материјалот со кој ќе изработуваат може да биде глина, песочник во училишен двор, пластелин и сл. Наставникот поттикнува дискусија за техниката на работа со глина, песок или пластелин.

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ - извлекување заклучок

Изложување на склуптурите, разгледување и анализа на истите во однос на материјалот со кој се изработени, но и со кој друг материјал би можеле да се изработат доколку се уметници.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Разни средства и материјали по избор на учениците (глина, пластелин, песок).

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардите за оценување **користи различни средства и материјали за пластично обликување и градење и препознава и изработува тридимензионални форми (статуа, релјеф, биста, архитектонска градба)** наставникот очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да набројат разни материјали за пластично обликување и градење и да знаат како се користат истите;

- правилно да користат и да обликуваат глина, песок и сл. и да изработуваат биста, релјеф и друг вид скулптура;
- да ги анализираат скулптурите на соучениците од аспект на успешност при обликувањето и начинот на работа со материјали за обликување.

* Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Интеграција со предметот Историја и општество и со предметот Македонски јазик.

Наставникот користи визуелни презентации за следните археолошки наоѓалишта во нашата држава: Кокино (http://tours.rcku.org.mk/eu/Kokino/), Стоби (https://macedoniafromabove.mk/stobi/), Хераклеја (https://bitola.info/heraclea-lyncestisbitola/), Самоиловата тврдина (http://macedoniafromabove.mk/ohrid/index.htm). Секое одделно наоѓалиште учениците прво го гледаат преку виртуелна тура. Потоа, поделени во групи, опишуваат што виделе (бисти, статуи, релјеф и сл.) и тоа го споделуваат пред сите. Интеграцијата меѓу двата предмета се остварува во активноста кога учениците моделираат различни скулптури по сеќавање од претходно посетени или од виртуелни посети на археолошки наоѓалишта, скулптури на отворен простор со тридимензионални форми (статуа, релјеф, биста, архитектура).

Интеграцијата со предметот Македонски јазик е преку истата активност. Учениците, поделени во мали групи, разгледуваат уметнички дела (облици и градби: биста, статуа, портрет, релјеф, архитектура) и ги препознаваат тридимензионалните форми кај нив, како и **материјалот** од кој се направени. Ги опишуваат скулптурите според материјалот од кој се изработени (пример: *статуа од бронза – бронзена статуа, биста од мермер – мермерна биста, релјеф од дрво – дрвен релјеф и сл.*). На крајот наставникот укажува дека при опишувањето на тридимензионалните форми се користени **материјални придавки**.

# ВТОР ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Пластично обликување и моделирање и градење – елементи, материјали, средства и естетско проценување (волумен - аглест/валчест, испапчен/вдлабнат, композиција, пропорција, контраст, релјеф – висок/низок, негеометриски слободни форми, геометриски тела, скулптура, биста, тридимензионалност).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Опишува волумен (аглест/валчест, испапчен/вдлабнат) и го препознава кај различни облици и градби.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ- активирање на предзнаењата**

Учениците дискутираат за биста на човек (или она што има во училиштето – биста на патронот на училиштето) со акцент на видот на волуменот.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење**

Наставникот им покажува различни облици и градби на учениците. Учениците ги разгледуваат различните облици и градби, воочуваат и опишуваат за каков волумен станува збор (аглест/валчест, испапчен/вдлабнат) и го претставуваат со моделирање со пластелин. (Креираат едноставни форми со аглест/валчест волумен и испапчен/вдлабнат волумен.)

Наставникот покажува техника на длабење и додавање на материјал за обликување (глина) при доработка на релјеф, со акцент на формирање аглест, валчест, испакнат и вдлабнат волумен. (Го објаснува и начинот на работа со глина – да се работи со прстите, водата да служи за омекнување и лепење на некои делови, да се моделираат вдлабнати и испакнати делови за да се избегне дводимензионалност, повремено творбата да се гледа од сите страни итн.)

Учениците моделираат композиција од различни геометриски форми или слободни форми на глинена плоча со помош на додавање на материјал или длабење на подлогата. Од наставникот добиваат насока да создадат релјефна композиција во која ќе се препознаат основните елементи (испакнато/вдлабнато, аглесто/валчесто...).

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ - извлекување заклучок**

Изложување на релјефите, разгледување и анализа на истите во однос на материјалот со кој се изработени, волуменот кој е застапен во творбата. Со кој друг материјал би можеле да се изработат доколку се уметници.



Се анализираат и невообичаени изработки со цел да се потенцира креативноста кај учениците.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Разни средства и материјали за обликување(глина, пластелин, песок).

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардите за оценување **опишува волумен (аглест/валчест, испапчен/ вдлабнат) и го препознава кај различни облици и градби,** наставникот очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да опишат и да разликуваат аглест/валчест, испапчен/вдлабнат волумен;
- правилно да користат и да обликуваат глина, песок и сл. и да изработуваат релјеф со примена на аглест/валчест, испапчен/вдлабнат волумен;
- да ги анализираат скулптурите на соучениците од аспект на успешност при обликувањето и начинот на работа со материјалите за обликување.

*Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Интеграција со предметот Математика – учениците опишуваат 2Д-форми од кои е составена 3Д-формата (изработена на часот по Ликовно образование), користејќи големина на агли, должина на страни, паралелни прави, нормални прави. Од аспект на Ликовно образование, пак, опишуваат волумен (аглест/валчест, испапчен/вдлабнат) и го препознаваат во геометриските форми од глина.

# ТРЕТ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Пластично обликување и моделирање и градење – елементи, материјали, средства и естетско проценување (волумен - аглест/валчест, испапчен/вдлабнат, композиција, пропорција, контраст, релјеф – висок/низок, негеометриски слободни форми, геометриски тела, скулптура, биста, тридимензионалност).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Компонира целина од две или повеќе фигури.



*Тридимензионални изработки од картон*

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ - активирање на предзнаењата**

Наставникот покажува разни тридимензионални изработки и насочува отворена дискусија за применети ликовни елементи и принципи во пластичното обликување и градење. Учениците опишуваат боја, форма, текстура, пропорција, волумен и сл. (Предзнаења на учениците од 4-то одделение.)



**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење**

Наставникот демонстрира компонирање на фигури од глина во една целина и со помош на боја и текстура ги нагласува формите. Примери:

1. Делови на човечкото тело се направени од глина и се компонираат со користење на жица во една целина.



2. Претходно од стиропор се направени делови на цвет или брод и се компонираат во една целина.

Учениците добиваат насоки од наставникот со употреба на рециклирана амбалажа креираат волуменски форми на човечка фигура - робот и да ги нагласат формите со помош на боја, форма, текстура, да креираат на единство на елементи и да компонираат една целина од две или повеќе форми. Работат во пар.

**Предлог** (работен лист за ученикот) за изработка на робот од стиропор и рециклирана амбалажа.

Линк: [Styrofoam Robot Craft | All Kids Network]

**Материјал за изработка на роботот:**

- голема коцка од стиропор;
- помала коцка од стиропор;
- сребрена, зелена, црвена и виолетова темперна боја;
- четки бр.6 и бр. 10;
- дрвени кругови, срца и други форми;
- стапче – шпатула;
- пластични цевки за сок или жица за садови;
- 2 очи (може да се направат од колажна хартија или друго)
- Маркер;
- сликарска лента или лента за маскирање;
- лепак;
- колажна хартија









**Како се прави овој робот**:

1. Обој ги двата квадрати од стиропор во сребрена боја и чекај да се исуши бојата!
2. Направи ги дрвените копчиња и форми! За нозете и рацете на роботот може да користиш метални, пластични цевки или жица.
3. Откако парчињата од стиропор ќе се исушат, залепи ги дрвените парчиња на предната страна на роботот за да направиш копчиња!

На помалата коцка залепи ги двете очи и формата што сакаш да биде уста (користи тркалезни копчиња или направи очи и уста од друг материјал кој го имаш)!

4. На дрвено стапче (шпакла) стави лепило и вметни го стапчето во големото тело на роботот и спој го со помалата коцка! Прицврсти ги двата дела заедно!
5. Додади ги рацете и нозете на квадратите од стиропор! Нозете стави ги така како роботот да седи!

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ - извлекување заклучок

Изложување на скулптурите, разгледување и анализа на истите во однос на материјалот со кој се изработени, но и со кој друг материјал би можеле да се изработат доколку се уметници. Анализата оди во насока учениците да опишат кои ликовни елементи и принципи се применети во изработките.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Разни средства и материјали по избор на учениците (глина, стиропор, лепило, жица, копчиња, темперни бои, четки и друго).

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардите за оценување **компонира целина од две или повеќе фигури** наставникот очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- правилно да користат рециклирана амбалажа во изработката на делови за робот и да ги компонираат во една целина;
- да ги анализираат изработките на соучениците од аспект на примена на форма, боја, текстура и начинот како ги компонирале фигурите (деловите) во целина.

*Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Интеграција со предметот Математика во практична активност изработување 3Д-форми од дадени мрежи и од ликовен аспект компонирање на целина од две или повеќе фигури.

# ЧЕТВРТИ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Пластично обликување и моделирање и градење – елементи, материјали, средства и естетско проценување (волумен - аглест/валчест, испапчен/вдлабнат, композиција, пропорција, контраст, релјеф – висок/низок, негеометриски слободни форми, геометриски тела, скулптура, биста, тридимензионалност).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Прави разлика меѓу висок и низок релјеф.
Моделира низок релјеф и применува контраст и пропорција.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ - активирање на предзнаењата**



Наставникот преку техниката *Бура на идеи* поттикнува дискусија учениците да кажат што е релјеф во уметноста.

Можни одговори на учениците: релјефот е секогаш поставен на ѕид во музеите или дворците, споменици на познати личности, длабење, додавање на материјал на плоча, формирање испакнати и вдлабнати форми итн.



**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење**

Наставникот преку дигитални слики ([Relief in Art - Bing images]) објаснува за релјеф. (Релјефот е уметничко дело во кое фигурите се или врежани во рамна рамнина или рамнината се отстранува за да се создадат слики извајани на неговата површина без целосно да се исклучат од рамнината).

Наставникот дава примери за висок и низок релјеф и учениците определуваат во што се состои разликата меѓу нив. Потоа моделираат низок релјеф со примена на контраст и пропорција.



**Контрастот** се прави со користење на големи и мали форми, валчести и аглести форми, мазни и и рапави текстури.

**Пропорција** во моделирањето и обликувањето е идеален сооднос на деловите во една целина.

Предлог за низок релјеф на релјефни форми од делови од континенти или на мотив: часовник, декорација за вазна, овошје, зеленчук, човек, животно и сл. (На учениците им се покажуваат овие слики и други преземени од интернет или од енциклопедии.) Учениците можат да изберат од понудените мотиви или да работат низок релјеф по свој избор.

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ - извлекување заклучок

Изложување на творбите од низок релјеф, разгледување и анализа на истите по однос на примена на контраст и пропорција. Анализата оди во насока да опишат кои ликовни елементи и принципи се применети во изработките, начин како ги изработиле.



*The Virgin and Child | Unknown | V&A Explore The Collections*

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата: 1. Што направевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Разни средства и материјали по избор на учениците (глина, пластелин, песок), сад со вода, подлога – весници, четки, темперни бои и друг материјал по избор на учениците според потребите на ликовната творба.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардите за оценување **прави разлика меѓу висок и низок релјеф и моделира низок релјеф и применува контраст и пропорција** наставникот очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- правилно да користат контраст и пропорција во изработките – низок релјеф;
- да ги анализираат изработките на соучениците од аспект на примена на контраст и пропорција и начинот како работеле со глина.

*Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Интеграција со Природни науки – поимот релјеф и практична активност. Учениците, поделени во мали групи, изработуваат релјефни форми од различни континенти и дискутираат за типовите релјеф присутни на „нивниот" континент. Наученото го презентираат пред другите. Во отворена дискусија ги споредуваат релјефните форми на сите континенти. Од ликовен аспект, пак, ги анализираат изработките за примена на контрастот, видот на релјефот.

# ПЕТТИ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Пластично обликување и моделирање и градење – елементи, материјали, средства и естетско проценување (волумен - аглест/валчест, испапчен/вдлабнат, композиција, пропорција, контраст, релјеф – висок/низок, негеометриски слободни форми, геометриски тела, скулптура, биста, тридимензионалност).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Изработува макета (населба, улица, плоштад, парк) со просторно решение.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ - активирање на предзнаењата**

Учениците преку техниката Аквариум запишуваат на лист на што ги асоцира кога ќе се спомнат зборовите АРХИТЕКТУРА и МАКЕТА. (Предзнаења од првиот час и нивни искуства.) Листовите се ставаат во два посебни аквариума (кутии) – аквариум за архитектура и аквариум за макета.Можни одговори на учениците: градба, згради, музеи, училишта, три димензии, архитект, архитектура како уметност и сл.

Наставникот вади од листовите од аквариумите, ги чита одговорите, кажува дека сите се точни и објаснува за архитектура во уметноста и за макета.

**Архитектура** е уметност и наука за проектирање и изградба на згради и други објекти.

**Макета** е модел на објекти, во помала големина во однос на вистинската големина на објектите.



**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење**

Учениците разгледуваат компјутерски уметнички дела (облици и градби: биста, статуа, портрет, релјеф, архитектура) и ги препознаваат тридимензионалните форми кај нив. Наставникот преку презентација на слики од макети на град, населба, улица, плоштад, село и друго каде што има просторни решенија (или ако има готови макети во училиштето) поттикнува отворена дискусија со учениците (за начинот на изработка, за материјалите, за тоа зошто се прават макети, која е нивната намена и сл.). Учениците прават макети на куќи, згради и објекти со помош на различни волумени направени од хартија или картон или готови кутии и креираат населено место. Преку отворена дискусија, претходно планираат на ниво на одделение кој што ќе изработи од макета со цел да се создаде една целина – просторно решение на населено место.Во композицијата треба да се препознаат основните елементи на урбанизмот, контраст на волумен и простор и создавање на целина од две или повеќе фигури.

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ - извлекување заклучок

Презентација на макетата на населено место и објаснува секој ученик зошто таму ја поставил својата макета(зграда, куќа или друг објект) од аспект на примена на просторно решение при изработка на макетата на населено место.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата: 1.Што правевме денес? 2 Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Разни средства и материјали по избор на учениците амбалажа, лепило, колажна хартија, ножици, слики на макети од интернет, проектор, компјутер и друг материјал по избор на учениците според потребите на ликовната творба.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардите за оценување **изработува макета (населба, улица, плоштад, парк) со просторно решение** наставникот очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да одговорат зошто се изработуваат макети во секојдневниот живот;
- да прават разлика меѓу разните материјали од кои се изработуваат макетите;
- да ги анализираат изработките на соучениците од аспект на примена на просторното решение при изработка на макетата.

*Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Интеграција со предметот Англиски јазик со содржината Опишување места (град, село, населба). Учениците на англиски јазик ги опишуваат објектите од макетата на населено место (изработена на час по Ликовно образование).

Интеграција со предметот Техничко образование и информатика при формирање на поимот макета. Изработените макети на часот по Техничко образование може да се додадат во макетата на населено место доколку одговараат на просторното планирање кое го направиле учениците на часот по Ликовно образование.

# ЧЕТВРТА ТЕМА

# Графика

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Ученикот/ученичката по исполнување на стандардите за оценување од оваа тема ќе биде способен/способна да:

1. ги користи техниките гипсорез и линорез за печатење;
2. печати со разновидни плошни форми и текстури;
3. изработува и печати едноставен графички знак или декоративен елемент;
4. развива креативност преку изработка на графика.



# ПРВ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Елементи и принципи во графиката; средства и техники за печатење (линија, контраст, текстура, форма, композиција, отпечаток, длабење, валјак, матрица, графички лист, картон-печат, графика, монотипија, колографија, гипсорез, линорез).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Користи различни средства за печатење, одделно и во комбинација.
Создава графички отпечаток со монотипија и колографија.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ - активирање на предзнаењата**

Наставникот поттикнува дискусија за средствата за печатење кои учениците ги користеле во претходните одделенија.



Следува активност каде што учениците прават отпечатоци од обоени листови од различни растенија на претходно обоена и сува површина на картон со цел да се добие композиција од контрастни бои и форми.

Секој ученик прави отпечаток со еден лист на одделенски картон поставен на ѕид. Учениците дискутираат за изработената заедничка творба со акцент на композицијата од контрастни бои и форми и го опишуваат начинот на печатење.

ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење

Наставникот покажува и објаснува апстрактна слика или одреден правец во модерната уметност. Потоа практично покажува и ги објаснува техниките на монотипија и колографија.

Наставникот објаснува дека една група ученици ќе работи монотипија, а друга група колографија. Секој ученик од групите избира една од техниките на печатење.

Прва група. Учениците печатат графички листови со помош на техниката монотипија. На пластична подлога со боја за печатење учениците со четка сликаат мотив на апстрактна слика или одреден правец во модерната уметност според претходни упатства и модели прикажани од наставникот. Подготвената подлога се печати на хартија, при што се креира композиција од елементи со различни форми, односно се креира единство на елементи и хармонија.

Втора група. Учениците креираат подлога за печатење со употреба на техниката колографија. На пластична или картонска подлога се лепат материјали со различни текстури (конец, волница, ткаенини, листови, пердуви, шмиргла, песок и сл.) која потоа се печати на хартија, при што се нагласуваат формите со текстура и контраст.

Доколку има ученици кои порано завршиле со едната техника, пристапуваат на активност на печатење со другата техника.
Наставникот ја следи активноста на учениците и по потреба помага каде што треба. Ако има ученици со посебни потреби, наставникот или образовниот асистент индивидуално работи со нив или во пар со друг ученик.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ - извлекување заклучок**

Изложување на творбите со графички отпечаток со монотипија и колографија, разгледување и анализа на истите со акцент на композиција на елементи од различни форми, креирање на единство на елементи и хармонија за творбите со монотипија и нагласените форми со текстура и контраст кај творбите со колографија.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата: 1.Што правевме денес? 2 Која техника на печатење ви беше најинтересна? 3. Зошто?

## СРЕДСТВА

Блок број 5, листови од различни растенија, одделенски картон, пластична подлога

хартија, картонска подлога, конец, волница, ткаенини, листови, пердуви, шмиргла, песок, темперни бои, чаши за вода, палета за мешање бои, апстрактни слики од одреден правец во модерната уметност

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардите за оценување **користи различни средства за печатење, одделно и во комбинација и создава графички отпечаток со монотипија и колографија** очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да ги објаснат техниките монотипија и колографија;
- да знаат да набројат средства за печатење;
- правилно да изработат печат и да направат графички отпечаток при изработка на творба;
- естетски да ги анализираат графичките творби од соучениците со акцент на композиција на елементи од различни форми, креирање единство на елементи и хармонија за творбите со монотипија и нагласените форми со текстура и контраст кај творбите со колографија.

*Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

# ВТОР ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Елементи и принципи во графиката; средства и техники за печатење (линија, контраст, текстура, форма, композиција, отпечаток, длабење, ваљак, матрица, графички лист, картон-печат, графика, монотипија, колографија, гипсорез, линорез).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Печати со користење на техниката гипсорез/линорез.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ - активирање на предзнаењата**

Наставникот преку техниката *Грозд* поттикнува дискусија за графички техники кои ги знаат - предзнаења на учениците.

Доколку нема исказ за графичката техника линорез/гипсорез наставникот дополнува и со тоа ја најавува целта на часот.




**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење**

Наставникот демонстрира графички творби изработени со техниката гипсорез/линорез и поттикнува дискусија (како се изработени, од што се изработени, како се нанаесува боја и сл) со цел да се надоврзе на нивните предзнаења.



*Техника линорез*
*Ивана Настев*



*Техника гипсорез*
*Изработка од ученици*
*од ДСУЛУД „Лазар*



*Пабло Пикасо, линорез,*
*портрет на жена со*
*шапка 1962*



Потоа набројува кои материјали се потребни за реализација на оваа техника и практично демонстрира како се изработува графичка творба со техниката линорез.(Објаснува за длето како специјална алатка за техниката линорез/гипсорез).

Наставникот посочува дека печатењето ќе се врши редоследно според претходно изработен цртеж на зададена тема *Пејзаж* или *Мртва природа* или според претходно изработено дело од наставната единица *Сликање*.

Учениците изработуваат графика во две или повеќе бои со техниката линорез. За секоја боја ученикот треба да изработи засебна графичка подлога. Наставникот дава насока да се создаде плошна композиција со нагласување на контрастот на бои.

Наставникот ја следи активноста на учениците и по потреба помага каде што треба. Ако има ученици со посебни потреби, наставникот или образовниот асистент индивидуално работи со нив или во пар со друг ученик.

### ЗАВРШНА АКТИВНОСТ - извлекување заклучок

Изложување на матриците од линолеум и графичкиот отпечаток паралелно, разгледување и естетска анализа на истите по однос на техниката која ја користеле, каде имало потешкотии при работата и сл. Посебен акцент при анализата се става дали има нагласување на контраст на бои.

### РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата 1.Што правевме денес? 2. Како би направиле графичка творба со гипсорез? 3. Која алатка ќе ви биде потребна за длабење на гипсената плоча? 4. Што мислите, дали линорезот и гипсорезот исто се реализираат? 5. Која е разликата меѓу нив?

## СРЕДСТВА

Линолеум, гипсена плоча, длето, бои за печатење, графички лист – отпечаток, графички творби изработени со линорез/гипсорез.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените графички творби.
- Учеството во изработката на сопствените творби.
- Анализа на заедничките творби и творби на соучениците.
- Според стандардите за оценување печати со користење на техниката гипсорез/ линорез, наставникот очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:
- да знаат да ги објаснат техниките линорез/гипсорез;
- правилно да ги користат техниките линорез/гипсорез при создавање графички отпечаток;
- да применуваат нагласување на контраст на бои при нанесување бои;
- да ги анализираат цртежите на соучениците од аспект на правилна реализација на техниките линорез/гипсорез.

*Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

# ТРЕТ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Елементи и принципи во графиката; средства и техники за печатење (линија, контраст, текстура, форма, композиција, отпечаток, длабење, валјак, матрица, графички лист, картон-печат, графика, монотипија, колографија, гипсорез, линорез).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Применува разновидни плошни форми и текстури од текстил во ликовната техника Картон-печат.
Користи едноставен графички знак или декоративен елемент во печатењето.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ - активирање на предзнаењата**

Наставникот поттикнува отворена дискусија за техниката картон-печат, а учениците треба да опишат како се изработува графичка творба со оваа техника. (Учениците во претходните одделенија ја имаат работено оваа техника.)

Наставникот дополнува за начинот на реализација на оваа техника доколку има потреба.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ- искуствено учење**



Наставникот или еден од учениците практично покажува (потсетува) изработка на картон-печат. (Како подлога во техниката картон-печат се користат два дебели картони или картон и капаче од шише или нешто друго што може да послужи за таа намена. На едниот картон се исцртува формата, се сече и се лепи на другиот картон. На парче од пластика се става темперна боја или печатарска боја и со валјак рамномерно се распоредува. Со валјакот рамномерно се распоредува бојата на матрицата (картон- печатот) и се печати на хартија, текстил и друго.)

Наставникот објаснува дека дел од учениците (во зависност од бројот на компјутери во училницата или само на компјутерот на наставникот) треба да прават цртеж на дрво, цвет и едноставен графички знак или декоративен елемент во печатењето, исти форми како на картон печатот. Цртежот потоа се обработува со помош на компјутерска програма и се прави подготовка која потоа може да се употреби за да се испечати маица.

***Оваа активност се реализира ако има услови, ако не на крајот од часот наставникот преку подготвена мултимедијална презентација објаснува за начинот на печатење со помош на компјутерски програми.***

**Ликовно творење**: Секој ученик изработува еден картон-печат со форма на цвет, дрво, графички знак или декоративен елемент во печатењето. За секоја боја ученикот треба да изработи посебна графичка форма на шаблон. Печатењето се врши редоследно според претходно изработен цртеж на зададена тема Дрво, Цвет или друга едноставна форма. Притоа, наставникот дава насока дека при создавањето композиција се нагласува контрастот на бои и се применуваат разновидни форми и текстури.

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ - извлекување заклучок

Изложување на печатите од картон, графичките творби од учениците, разгледување и естетска анализа на истите по однос на техниката која ја користеле, каде имало потешкотии при работата и сл. Посебен акцент при анализата се става на тоа дали има нагласување на контраст на бои и форми.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Дебели картони, капачиња, темперна боја, пластика за нанесување боја, мали валјаци, блок бр. 5 – листови, компјутер, програма за цртање, маица со печатен графички знак, четки, сад за вода, мултимедијална презентација креирана од наставникот за начинот на обработка на цртежот со помош на компјутерска програма и се прави подготовка која потоа може да се употреби за да се испечати маица.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените графички творби.
- Учеството во изработката на сопствените творби.
- Анализа на заедничките творби и творби на соучениците.

Според стандардите за оценување **применува разновидни плошни форми и текстури од текстил во ликовната техника Картон-печат и користи едноставен графички знак или декоративен елемент во печатењето**, очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да објаснат за техниката картон-печат;
- правилно да ја користат техниката картон-печат при создавање графички отпечаток;
- да знаат да применат нагласување на контраст на бои и форми во графичката творба;
- да користат едноставен графички знак или декоративен елемент во печатењето;
- да ги анализираат цртежите на соучениците од аспект на правилна реализација на техниката картон-печат.

*Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

**Предлози за интеграција со содржините или активностите од оваа тема:**

- Интеграцијата може да се оствари преку мотивот на ликовната творба кој се задава во зависност од содржините кои учениците ги изучуваат тој ден по предметот Македонски јазик или Англиски јазик.
- Интеграција со предметот Македонски јазик преку активност на пребарување веб-страници каде што е објаснета постапката за линорез, гипсорез, монотипија, колографија. Учениците ги објаснуваат предностите и недостатоците на користењето интернет при пребарувањето содржини. (На пример, две веб-страници даваат различно толкување на изработката на линорез.)
- Интеграција со предметот Природни науки преку содржината Животни и нивни живеалишта. На часот по Ликовно образование учениците на линолеум може да нацртаат животно со неговото живеалиште и да се испечати. Секој ученик црта разно животно со неговото живеалиште, на пример: делфин во океан, кактус во пустина, поларна мечка во поларна област, риба во езеро и сл. Графичките отпечатоци може да послужат кога ќе се реализира стандардот идентификува и опишува типови на живеалишта (езеро, океан, пустина, планина, поларни области) и наведува животни и/или растенија карактеристични за нив (трска, риба, делфин, кактус, лисица, даб, поларна мечка).

## ПЕТТА ТЕМА

# Дизајн и визуелни комуникации

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Ученикот/ученичката по исполнување на стандардите за оценувањеод оваа тема ќе биде способен/способна да:

1. користи различни техники, средства и материјали за креирање дизајн кој обезбедува визуелна комуникација;
2. применува ликовни елементи и принципи во дизајнот и прави оригами, постер/плакат, монограм и орнамент;
3. употребува компјутер и дигитални уреди во дизајнирањето.
4. ученикот/ученичката ќе развива мануелни способности и креативност.



# ПРВ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Основи на ликовниот јазик во дизајнот и визуелната комуникација: ликовни елементи и принципи; средства, материјали за работа (оригами, постер, плакат, орнамент, фриз, монограм).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Креира плакат користејќи слика и текст.
Применува компјутер за изработка на дизајн.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ - активирање на предзнаењата**

Наставникот демонстрира плакат од здрава храна и плакат од ликовна изложба со насока учениците да откријат кои ликовни елементи и принципи се користени при нивната изработка. Сличностите и разликите се запишуваат преку техниката Венов дијаграм. (На овој начин се повторуваат изучените ликовни елементи и принципи кои се користат во дизајнот и визуелната комуникација.)









## ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ- искуствено учење

Наставникот поттикнува дискусија за средствата на визуелната комуникација и дизајн преку техниката Бура на идеи. (Очекувани одговори од учениците се: знаци, плакати, постери, флаери, билборди, списанија, весници и сл.)




Наставникот објаснува дека плакатот презентира текст и слика во едно и директно пренесува визуелни пораки, на пример: пораки за производи, изложби, театарски претстави, кампањи, концерти, фестивали и сл. Тој е најкористеното средство во визуелните комуникации.

Учениците, поделени во парови, дизајнираат плакат за здрава храна (производство или употреба), при што креираат форми со помош на боја и ритам и истите ги нагласуваат со користење контраст со цел да се воспостави визуелна комуникација. Доколку има можности, неколку ученици плакатот за здрава храна го креираат со употреба на компјутер.

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ - извлекување заклучок

Изложување на цртежите, разгледување и анализа на истите во однос на користењето на ликовните елементи и кои ликовни принципи ги има.

Посебен акцент при анализата се става на креирањето плакат со користење компјутер, односно соодветни програми (програма за мултимедијална презентација, Пеинт [Paint] и др.).

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Блок број 5, разни средства и материјали по избор на учениците (фломастери, моливи во боја, колаж хартија, стари списанија, хамери во боја, тушеви во боја и сл.).

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардите за оценување **креира плакат користејќи слика и текст и применува компјутер за изработка на дизајн**, наставникот очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да објаснат за плакатот како средство на визуелните комуникации и дизајн;
- да го разберат значењето на плакатот како најкористено средство во визуелните комуникации;
- правилно да комбинираат техники и средства при изработка на плакат по даден мотив;
- да применуваат ликовни елементи и принципи по избор со цел плакатот да пренесе визуелна порака за здрава храна;
- да ги анализираат цртежите на соучениците со акцент на тоа дали плакатот пренесува порака за здрава храна и дали го привлекува вниманието.

* Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.




Христијан Ванчов V а одделение
ООУ „Браќа Миладиновци" Аеродром




Марта Јаневска и Елиза Бајмак Гроздановска V а одделение
ООУ „Браќа Миладиновци" Аеродром

# ВТОР ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Основи на ликовниот јазик во дизајнот и визуелната комуникација: ликовни елементи и принципи; средства, материјали за работа (оригами, постер, плакат, орнамент, фриз, монограм).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Изработува фриз и орнамент со употреба на геометриски или природни форми.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ - активирање на предзнаењата**

Наставникот поттикнува отворена дискусија за шарите на народните носии во фотографии на народни носии. Дискусијата ја насочува во откривање ликовни принципи кои ги има. Пример ритам на форми, ритам на бои, рамнотежа и сл..

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење**

Наставникот објаснува за фриз и орнамент и за нивната поврзаност преку демонстрација на пример на народна носија.







***Орнамент** е шара која служи како украс на предмети кои се користат. Пример на народна носија, садови, ѕид и сл.*

***Орнамент** е украс од геометриски или природни форми што се применува во архитектурата, во текстилното производство, на керимички производи...*



***Фриз** е лента украсена со орнаменти. Може да се изработи на ѕид, текстил, камен, дрво и сл.*

Наставникот демонстрира предмети со орнамент и фриз или фотографии, а учениците погодуваат што е фриз, а што е орнамент.

Учениците дизајнираат применувајќи фриз или орнамент по избор на лист од блок или керамички производи.





Учениците дизајнираат шал, капа и ракавици, применувајќи ги ликовните елементи: повторување, боја, форма, големина и градација. Наставникот дава насока да се нагласат традиционалните вредности или да се модернизираат (Се користат елементи од народниот фолклор со природни или геометриски форми).
Учениците дизајнираат на керамички производи, применувајќи ги ликовните елементи: повторување, боја, форма, големина и градација. Наставникот дава насока да се нагласат традиционалните вредности или да се модернизираат. (Се користат елементи од народниот фолклор со природни или геометриски форми.)
Материјали и техники кои можат да ги користат се: темпера, фломастер, колаж, хартија, бои, ткаенина, еколошки материјали, компјутер, телефон, фотоапарат, дигитална камера и керамички садови (грниња, ваза, чинија и сл).
Учениците ликовно се изразуваат при што користат техника и материјали по избор од посочените.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ - извлекување заклучок** Изложување на цртежите, разгледување и анализа во однос на примена на орнамент и фриз, ликовни елементи, геометриски и природни форми.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Блок број 5, туш, четка, перо, темпера, фломастер, колаж, хартија, бои, ткаенина, еколошки материјали, компјутер, телефон, фотоапарат, дигитална камера и керамички садови (грниња, ваза, чинија и сл).

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардот за оценување **изработува фриз и орнамент со употреба на геометриски или природни форми** наставникот очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да објаснат за фриз и орнамент и да знаат истите да ги откријат во опкружувањето и во ликовните дела;
- да знаат да опишат како изработиле фриз или орнамент на предмети или на лист;
- правилно да ги комбинираат техниките и средствата кои ги избрале;
- да применуваат геометриски и природни форми при изработка на фриз или орнамент;
- да комбинираат разни техники и материјали при изработка на фриз или орнамент;
- да ги анализираат цртежите на соучениците во однос на фриз и орнамент, ликовните елементи и принципи кои се применети.

* Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

# ТРЕТ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Основи на ликовниот јазик во дизајнот и визуелната комуникација: ликовни елементи и принципи; средства, материјали за работа (оригами, постер, плакат, орнамент, фриз, монограм).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Креира монограм.
Применува компјутер за изработка на дизајн.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ - активирање на предзнаењата**

Наставникот демонстрира знаци на разни предмети и потикнува дискусија.
Што претставуваат знаците?
Како се направени?
Кои ликовни елементи се применети?








**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење**

Наставникот објаснува дека има разни знаци кои дизајнерите ги креираат со разна намена, но најчесто како знак на фирма, училиште, амбуланта, продавница и сл. Еден вид на ликовен знак е ѝ монограмот. Наставникот преку техниката *Грозд* објаснува за монограм, каде запишува **СЕ КОРИСТИ И ЗА ВИДОВИ МОНОГРАМИ**. Во графичкиот бележник се додаваат и знаењата на учениците поврзани со монограм.



Наставникот формира мали групи од 3 до 4 ученика и на секоја група ѝ дава монограм. Учениците дискутираат за монограмот и откриваат за што се користи и за кого е наменет.
Учениците самостојно дизајнираат личен знак, т.е. монограм од иницијалите на личното име и презиме. Наставникот ги насочува да креираат композиција од елементи со различни форми – креирање единство од елементи и хармонија. Дел од учениците креираат монограм на компјутер.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ- извлекување заклучок**

Изложување на монограмите на пано, а компјутерски направените преку ЛЦД проектор или на наставнички компјутер, разгледување и анализа на истите.

**РЕФЛЕКСИЈА**

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

**СРЕДСТВА**

Лист хамер за секој ученик, тушеви во боја, четка, ученички или ликовни дела на кои има знаци, монограми, фломастери, моливи во боја, постер со техниката Грозд или дигитално креиран на компјутер од наставникот со можност за дополнување, компјутер, ЛЦД-проектор.

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите, соработка во групната работа, прифаќање на туѓи идеи и мислења).
- Изработените ученички монограми.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардот за оценување **креира монограм и применува компјутер за изработка на дизајн,** наставникот очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да објаснат што е монограм;
- да знаат да опишат како креирале монограм со примена на ликовните принципи единство и храмонија;
- правилно да комбинираат букви и други форми за изработка на монограм;
- да користат програми за цртање при изработка на монограм;
- да ги анализираат цртежите на соучениците со цел да ги воочат ликовните принципи применети во монограмот и техниката со која е изработен.

*Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

# ЧЕТВРТ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Основи на ликовниот јазик во дизајнот и визуелната комуникација: ликовни елементи и принципи; средства, материјали за работа (оригами, постер, плакат, орнамент, фриз, монограм).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Дизајнира предмети со користење елементи од народниот фолклор.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ - активирање на предзнаењата**

Часот започнува со пеење на народна песна од македонското наследство. Учениците треба да направат разлика меѓу дизајнираното на две вази – ваза со народен фолклор и ваза со други шари.





**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење**

Наставникот демонстрира предмети од народниот фолклор и поттикнува дискусија за она што е дизајнирано на нив, какви се боите, формите, кои ликовни принципи се застапени и сл.

Учениците дизајнираат ваза, стомна и друг предмет од глина со елементи од народниот фолклор, а при тоа користат ликовните елементи: боја, форма и големина. Наставникот ги насочува учениците да ги нагласат формите со помош на боја и ритам.



**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ- извлекување заклучок**

Изложување на дизајнираните предмети, разгледување и анализа на истите.

**РЕФЛЕКСИЈА**

Се води дискусија по прашањата: 1.Што правевме денес? 2 Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

**СРЕДСТВА**

Лист – хамер за секој ученик, тушеви во боја, четка, ученички или ликовни дела на кои се прикажани статични и динамични форми

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот.
- Начин на дизајнирање на предметите со народен фолклор.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардот за оценување **дизајнира предмети со користење елементи од народниот фолклор,** наставникот очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- да препознаваат и да разликуваат елементи на народен фолклор на предмети;
- да знаат да опишат како дизајнирале ваза, грне и сл. со елементи на народен фолклор и кои ликовни елементи ги примениле;
- правилно да комбинираат бои, форми, линии и да применуваат ритам како принцип кој го има во народниот фолклор;
- да ги анализираат дизајнираните предмети на соучениците со цел да воочат елементи на народен фолклор.

*Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

# ПЕТТИ ЧАС

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Основи на ликовниот јазик во дизајнот и визуелната комуникација: ликовни елементи и принципи; средства, материјали за работа (оригами, постер, плакат, орнамент, фриз, монограм).





## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Прави оригами според демонстрирано упатство.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ - активирање на предзнаењата**



Наставникот демонстрира новогодишни оригами на следниов линк origami - Bing images и објаснува за Оригами. (Зорот потекнува од јапонските зборуви – ору – виткање и гама – хартија.Тоа е јапонска вештина на виткање хартија и создавање разни фигури. Обично се витка квадратна хартија со димензии 15 cm x 15 cm и во разни бои.). Учениците опишуваат како се направени, од што се направени, кои ликовни принципи се користени и сл.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење**

Наставникот објаснува што се оригами, како се прават и практично покажува како да се направат оригами од хартија. Најавува дека изработените новогодишни оригами ќе ја украсат одделенската новогодишна елка.

Наставникот објаснува дека учениците може да користат хартија во боја,



салфети и сл. и да ги дизајнираат со бои и други материјали по избор. Прикажува видеоматеријали за изработка на новогодишни оригами или учениците истражуваат на компјутер, но со посочени веб адреси.



Учениците изработуваат оригами – новогодишни лампиони со употреба на ликовните елементи: боја, форма и големина. Наставникот ги насочува учениците да ги нагласат формите со помош на боја и ритам при изработка на оригамите како основа во креирањето.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ- извлекување заклучок**

Новогодишните оригами се закачуваат на одделенската новогодишна елка, се разгледуваат и се анализираат. Се пеат новогодишни песни околу елката. (Интеграција сопредметот Музичко образование).







## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата: 1.Што направевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Лист хамер за секој ученик, тушеви во боја, темпери, фломастери и други ликовни материјали по избор на учениците, четка, фотографии од оригами и шеми како да се направат оригами преземени од интернет:

Предлог:

Origami New Year Steps - Bing images

Easy origami star|How to make christmas star with paper step-by-step(2020) - Bing video

NEW YEARS ORIGAMI | ORIGAMI MAGIC CIRCLE STEP BY STEP - Bing video

Origami Fireworks - Happy New Year (Paper Magic Star) - Bing video

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност – изработка на оригами.
- Начин на дизајнирање на оригамите.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардот за оценување **прави оригами според демонстрирано упатство**, наставникот очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- да знаат да објаснат за оригами, како и од што се прават;
- да знаат да опишат како направиле оригами и кои ликовни елементи ги примениле;
- да дизајнираат направено оригами со различен ликовен материјал;
- да ги анализираат дизајнираните оригами со цел да ги воочат ликовните елементи.

* Според ова секој наставник може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

**Предлози за интеграција со содржините или активностите од оваа тема:**

Предлози за интеграција со содржините или активностите од оваа тема

Интеграција со предметот Техничко образование и информатика при формирање поим за дизајн и активност – дизајнирање предмети.

Интеграција со предметот Историја и општество при изучување на содржини од темата Поединецот и општеството и креирање плакати/постери како средство за визуелна комуникација и дизајн. Пример: плакат/постер за Социјализација, Етички вредности, Правата на детето и сл.

Интеграција со предметот Музичко образование при пеење новогодишни песни околу украсената новогодишна елка со новогодишни оригами изработени од учениците. (Интеграција при иста активност.)

Интеграција со предметот Македонски јазик со содржината Народно творештво (народна поезија, народни приказни).

Интеграција со предметот Музичко образование со содржината Народно музичко творештво (народни песни, игри, канон, зурла) и со предметот Ликовно образование со стандардот за оценување дизајнира предмети со користење елементи од народниот фолклор. Овие содржини по три предмети може да се испланираат во ист ден.

**Активностите кои се дадени во сценаријата се предлог-активности и секој наставник може да ги преземе, да ги приспособи или да создаде нови според условите, расположливите ликовни средства во училиштето и потребите на учениците. Доколку наставникот смета дека во некои часови има повеќе или помалку активности за реализација во еден наставен час, може да преземе дел или да додаде нови активности, односно да адаптира според одделението.**

**Листа** на прашање и одговори кои ќе му помогнат на **наставникот** како информација за ликовното образование од областа на ликовната теорија.

**1. КОИ СЕ НАЈСТАРИТЕ И НАЈЕДНОСТАВНИТЕ ЛИКОВНИ ЕЛЕМЕНТИ?**

Тоа се 8 елементи : линија, насока, големина, текстура, форма, боја, тон и простор.

**2. ШТО Е ЛИНИЈАТА И КАКО НАСТАНУВА?**

Најстар и основен ликовен елемент.Настанува со врзување на 2 оддалечени точки низ продолжено движење во 1, 2 или 3 димензии (должина, висина и широчина)

**3. КАКВИ ЛИНИИ ПОСТОЈАТ?**

Прави и криви. (Правата линија колку и да е долга, широка, вертикална или хоризонтална, темна или светла, таа се движи во иста насока без да го менува аголот. Кривата има многу варијанти. Од многу остро свиени, до малку свиени, од многу мал до многу голем агол на свивање.

**4. КАКВА Е РАЗЛИКАТА МЕЃУ ОБИЧНИТЕ И КОНТРАСТНИТЕ ЛИНИИ ?**

Разликата меѓу овие линии зависи од аголот на свивање. Обичните линии имаат сличен агол на свивање, а контрастните имаат голема разлика во аголот на свивање.

**5. КОИ ЛИНИИ ИЗРАЗУВААТ ДВИЖЕЊЕ ?**

Секоја линија изразува движење, но кривата најмногу.

**6. ШТО ПОКАЖУВА ПРАВАТА ЛИНИЈА?**

Острина, прецизност, точност, студенило и тврдост.

**7. ШТО ПОКАЖУВА КРИВАТА ЛИНИЈА?**

Мекост, топлина, благост, женственост

**8. СО КАКВИ ЛИНИИ СЕ ПОСТИГНУВА МЕКОСТ?**

Со кривите линии.

**9. КОИ ЛИНИИ ПОКАЖУВААТ ЦВРСТИНА?**

Острите прави линии сугерираат цврстина.

**10. ШТО МОЖЕ ДА СЕ ИЗРАЗИ И ДА СЕ ПОСТИГНЕ СО ЛИНИЈАТА?**

Различни чувства, душевни состојби и расположенија во зависност од уметникот кој ги користи за изразување.

**11. КОЈА НАСОКА СЕ НАРЕКУВА КОНТРАСТНА?**

Контрастни се нарекуваат оние линии кои имаат агол приближно од 90 степени

**12. ШТО ИЗРАЗУВА ХОРИЗОНТАЛНАТА НАСОКА А ШТО ВЕРТИКАЛНАТА?**

Хоризонталната изразува: сигурност, смиреност, спокојство. Вертикалната сила, растеж, гордост, достоинство, стравопочит, сериозност, монументалност итн.

**13. КАКВА УЛОГА ИМААТ НАСОКИТЕ ВО ТВОРБАТА?**

Насоките во творбите главно имаат движечка сила.

**14. ШТО Е ТЕКСТУРА?**

Текстурата е површината на секоја природна или вештачка материја која може да се осети со допир.

**15. КАКВИ ТЕКСТУРИ ИМА?**

Има природни и вештачки. (Природни текстури имаат корите од дрвјата, плодовите, каменот, лисјата, тревата итн., а вештачките текстури се сите оние кои се произведени од човечка рака:разни ткаенини, преѓа, дрво, метал, пластика итн.)

**16. КАКВА УЛОГА ИМА СВЕТЛИНАТА КАЈ ТЕКСТУРАТА?**

Улогата на светлината е многу важна за текстурата. Таа е поврзана и зависна од неа. Секоја текстура бара адекватно осветлување.

**17. ШТО ПРЕТСТАВУВААТ МАЗНИТЕ, А ШТО РАПАВИТЕ ТЕКСТУРИ?**

Мазната текстура претставува пријатност на допирот, спокојство, додека рапавата е груба го задржува подолго погледот и е динамична, неспокојна.

**18. ШТО Е ФОРМА И КОИ СЕ НЕЈЗИНИТЕ ЕЛЕМЕНТИ?**

Формата е надворешен физички лик на предметот. Нејзините основни елементи се линијата, површината, волуменот и просторот.

**19. ПО ШТО СЕ РАЗЛИКУВААТ ФОРМИТЕ?**

Тие се разликуваат според потеклото. Има природни, технички, геометриски, уметнички и слободни форми.

**20. КАКВИ СЕ ФОРМИТЕ СПОРЕД ДИМЕНЗИИТЕ?**

Тие се дводимензионални и тродимензионални.

**21. КАКОВ Е ОДНОСОТ МЕЃУ ТРОДИМЕНЗИОНАЛНАТА ФОРМА И ПОВРШИНА?**

Тој е контрастен. Уметникот настојува да го најде соодносот меѓу овие две крајности низ комбинирање на формите создавајќи една целина.

**22. ВО КОЈА ЛИКОВНА ДИСЦИПЛИНА ИГРА ВАЖНА УЛОГА СВЕТЛИНАТА?**

Освен во сликарството, таа игра важна улога и во скулптурата, и архитектурата. Секоја дисциплина си бара соодветно осветлување.

**23. КАКВИ СЕ МЕЃУСЕБНИТЕ ОДНОСИ НА ФОРМИТЕ?**

Мегусебниот однос на формите може да биде комбиниран на четири начини. По пат на еднаквост (повторување), на сличност(хармонија), на различност( контраст) и по пат на градација

**24. КОИ ФОРМИ СЕ ХАРМОНИЧНИ, А КОИ КОНТРАСТНИ?**

Хармонични се сличните форми, а контрасни се различните.

**25. ЗОШТО ФОРМАТА Е ВАЖЕН ЛИКОВЕН ЕЛЕМЕНТ И КОИ ПРОБЛЕМИ СЕ РЕШАВААТ СО НЕА?**

Важна е зашто има неограничени можности да изразува различни чувства, идеи, пораки. Формата го решава проблемот на суштината на содржината.

**26. КАЈ КОИ ЛИКОВНИ ДИСЦИПЛИНИ Е КАРАКТЕРИСТИЧЕН ДВОДИМЕНЗИОНАЛЕН ИЗРАЗ?**

Пред сѐ е карактеристичен за сликарството, графиката, мозаикот, и др., т.е. за дводимензионалните дисциплини.

**27. КАДЕ ВО ДВОДИМЕНЗИОНАЛНИ ФОРМИ СЕ ВНЕСУВА ИЛУЗИЈА НА ТРЕТА ДИМЕНЗИЈА?**

Во сликарството, цртањето и графиката.

**28. ШТО Е ВОЛУМЕН И КАДЕ Е НАЈКАРАКТЕРИСТИЧЕН ?**

Волуменот е дел од просторот што го зафаќа една форма (тело, маса)

Карактеристичен е за скулптурата, архитектурата и керамиката.

**29. ШТО Е МАСА?**

Масата е количество на материјалот во просторот што го зафаќа едно тело. Таа има три димензии и тежина, како и други физички својства.

**30. ШТО Е ТОН?**

Тонот е количество на светлина во една боја, без оглед дали е хроматска или ахроматска. Тој е мера на силината на светлина, односно на светлинската вредност.

**31. КАКО СЕ ДОБИВА ТОНОТ?**

Со додавање на црна или бела боја, односно со скала од најсветол до најтемен тон

**32. ШТО Е ТОНСКА СКАЛА?**

Со мешање на црна и бела боја се добива тонска скала од 5 до 30 или повеќе сиви тонови.

**33. ШТО МОЖЕ ДА СЕ ИЗРАЗИ СО ТОНОТ?**

Најразлични чувства и естетски барања како и илузија на трета димензија, палстичност на формите, волумен, длабочина и простор.

**34. КАКО МОЖЕ ДА СЕ ПОСТИГНЕ ДИНАМИКА СО ТОНОТ?**

Со наизменично комбинирање на светли и темни тонови.

**35. КАКО ДЕЛУВА ТОНОТ НА СЛИКАТА?**

Како составен дел на бојата, тонот има второстепена улога, но може да претставува главен и основен носител на изразот.

**36. ДАЛИ ТОНОТ МОЖЕ ДА ИЗРАЗУВА ЧУВСТВА?**

Може да изразува психолошки и емотивни чувства, нежност, спокој, тага, радост, драматичност, неспокој итн.

**37. КАКВО Е ЗНАЧЕЊЕТО НА БОЈАТА?**

Значењето на бојата е многукратно: естетско, симболично, психолошко итн.

**38. КАКВА ФУНКЦИЈА ИМА БОЈАТА?**

Главно естетска и информативна функција.

**39. КАКВА ПРИМЕНА ИМА БОЈАТА?**

Покрај естетската примена најраспространета е декоративната функција на бојата.

**40. ШТО ИЗРАЗУВАМЕ СО БОЈАТА?**

Чувства, темперамент, визија и естетика.

**41. КАКО СЕ РАЗЛОЖУВА СОНЧЕВАТА СВЕТЛИНА?**

Таа се разложува кога се прекршува низ рамнострана кристална призма и се расчленува на неколку различни светлосни зраци.

**42. РЕДОСЛЕД НА БОИТЕ ВО СОНЧЕВИОТ СПЕКТАР?**

Снопот од 6 бои во редоследот е следен: црвена, портокалова,, жолта, зелена, сина и виолетова.

**43. ШТО СТАНУВА СО БОИТЕ ОД СОНЧЕВИОТ СПЕКТАР АКО СЕ ВРАТАТ НАЗАД НИЗ ПРИЗМАТА?**

Повторно се добива бела светлина.

**44. КОЈ УСЛОВ Е БИТЕН ЗА ДА МОЖЕМЕ ДА ГИ РАСПОЗНАЕМЕ БОИТЕ?**

Видливата светлина е услов за да се видат боите.

**45. БОЕН КРУГ И МЕСТОТО НА БОИТЕ ВО НЕГО**

Боениот круг го сочинуваат два вкрстени триаголника во кои се наоѓаат основните бои, второстепените и меѓубоите. Во првиот триаголник се наоѓаат основните, во вториот триаголник второстепените бои, а во кругот се наоѓаат и меѓубоите. Кругот е поделен на 12 полиња, а може да има и повеќе 96.

**46. КОИ СЕ ОСНОВНИ(ПРИМАРНИ) БОИ?**

Црвена, жолта и сина.

**47. КОИ СЕ ДОБИЕНИ(СЕКУНДАРНИ) БОИ?**

Секундарни бои се: портокаловата, зелената, и виолетовата.

**48. КАКО ГИ ДЕЛИМЕ БОИТЕ?**

На топли и ладни.

**49. КОИ СЕ ТОПЛИ БОИ, А КОИ ЛАДНИ?**

Топли бои се : црвената, портокаловата и жолтата, а ладни зелената, сината и виолетовата.

**50. КОИ БОИ СЕ ХАРМОНИЧНИ ПО АНАЛОГИЈА (СЛИЧНОСТ)?**

Хармонични бои по аналогија се секои 2- 4 бои во кругот на бои што се блиски по местото во кругот.

**51. КОИ БОИ СЕ КОНТРАСТНИ?**

Оние кои во кругот на бои се најодалечени едни од други, односно се наоѓаат на двата краја од пречникот.

**52. ШТО СЕ СЛУЧУВА МЕЃУ ДВЕ КОНТРАСТНИ БОИ ЕДНА ДО ДРУГИ КОГА ЌЕ СЕ ПОМЕШААТ МЕЃУ СЕБЕ 1:1?**

Тие се засилуваат, а помешани во однос 1 :1 се уништуваат и се добива мешавина што не личи ни на една од двете бои.

**53. КАКО СЕ ДОБИВА НАЈСИЛЕН КОНТРАСТ?**

Кога една боја е опколена со својата контрастна боја.

**54. КАКО СЕ ПОСТИГНУВА ЗАСИЛУВАЊЕ НА ЕДНА БОЈА?**

Кога контрастните бои се ставени една до друга.

**55. КАКО СЕ ПОСТИГНУВА ОСЛАБУВАЊЕ НА ЕДНА БОЈА?**

Кога контрастната боја е исто така слабо обоена.

**56. КОИ СЕ ТРИТЕ ОСНОВНИ СВОЈСТВА НА БОИТЕ?**

Обоеност - боја, тон и интензитет.

**57. КОИ СЕ ТРИТЕ НАЧИНИ НА МЕШАЊЕ НА БОИТЕ?**

Мешање боја со боја, боја со светлина, боја со нејзината контрастна боја.

**58. ШТО СЕ СЛУЧУВА КОГА СЕ МЕША БОЈА СО БОЈА?**

Останува чистотата на бојата а обоеноста, нијансата и името на бојата се менува.

**59. ШТО ПРЕТСТАВУВА ТОНОТ КАЈ БОЈАТА?**

Количина на светлина во една боја.

**60. ШТО СЕ АХРОМАТСКИ БОИ?**

Оние бои кои во себе не содржат хроматски бои, односно црната, белата, и сите сиви тонови

### 61. ЗОШТО БЕЛАТА И ЦРНАТА НЕ СЕ БОИ?

Затоа што ниту во светлинскиот зрак ниту во сончевиот спектар нема бели и црни зраци.

### 62. ЗА ШТО СЛУЖАТ БЕЛАТА И ЦРНАТА?

За добивање на посветли и потемни тонови на боите кои се мешаат.

### 63. ЗОШТО БЕЛАТА И ЦРНАТА ВЛЕГУВААТ ВО СИТЕ КОМБИНАЦИИ КАЈ БОИТЕ?

Затоа штосо нив може да се добие широка палета на нијанси и тонови.

### 64. ШТО Е КОМПЛЕМЕНТАРЕН КОНТРАСТ?

Привлекување на контрасни бои и нивна комбинација.

**Користена литература:**


1. Наставна програма по ликовно образование за V одделение, МОН и БРО, 2021 г.;
2. Наставна програма по ликовно образование за IV одделение, МОН и БРО, 2021 г.;
3. Ликовна култура за одделенска настава, прирачник за наставници и студенти, Данчо Ордев,1995;
4. Интернет - фотографии, слики и едукативни страници за ликовната уметност кои се користени во Прирачникот и материјалите за учење.
   Natura Vectors, Photos and PSD files | Free Download (freepik.com)
   народни носии во македонија - Bing images
   59d31887be3e50452a0b869ed7256d04.png (1263×1268) (pinimg.com)
   Monogram - Wikipedia
   монограм - Bing images
   s-monogram-wedding-Chocolate-Wedding-Decoration-Monograms-by-Aylee-Designs.jpg (320×242) (clipartpanda.com)
   friz ornament - Bing images
   2ebaacd98aac8f8fcfa001be375ec6f9.jpg (236×236) (pinimg.com)
   ulcior-din-ceramica-de-arges-realizat-manual-argcoms-ceremonie-apa-vin-pictura-traditionala-1-mare-172-2096.jpg (450×450) (gomagcdn.ro)
   884c293b745d6c93348c02e502fa71d1--metal-walls-ware.jpg (600×400) (pinimg.com)
   УРОК ИЗО ОРНАМЕНТ КАК ОСНОВА ДЕКОРАТИВНОГО УКРАШЕНИЯ - Bing video
   save-the-earth-conceptual-earth-with-tree-vector-23992141.jpg (1000×1080) (vectorstock.com)
   Monotype vs Mono Print - Bing
   linorez artwork - Bing images
5. Борко Лазески. Ликовна култура, елементи и принципи, 1990.
6. H.W.JANSON. Историја на уметноста.
7. Брајан Багнал. Прирачник цртање и сликање.